**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четиринаесетото продолжение на Педесеттата**
**седница на Собранието на Република Македонија ,**
**одржана на 19.02.2004 година**

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 50-та седница на Собранието на Република Македонија,

Пратениците: Трифун Костовски, Неџдет Мустафа, Љупчо Георгиевски, Љубе Бошковкси, Никола Груевски, Петар Наумовски и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Значи продолжуваме со претрес,

Збор има пратеникот Зоран Заев, а нека се подготви пратеникот Блаже Стојановски.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван пртседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Мојата дискусија би сакал да ја започнам со тоа што ќе го изразам моето незадоволство во текот на дискусијата, која се води овие неколку денови по предлогот за територијална организација на Локалната самоуправа.

Ние како Собрание на Република Македонија изгледа упорно се убедуваме од сеедно нешто да створиме фама па и вакви важни проекти и процеси, да ги искористиме за дневно политички интереси, да сееме страв кај граѓаните за преселби, или незнам какви не овде спомнати федерализации.

Почитувани колеги пред се од опозицијата,

Вие дискутирате како да имаме конечна и непроменлива верзија на еден ваков проект и уште повеќе како да се зборува за моментална имплементација на законот. Ви се молам да ја запазиме важноста на еден ваков проект за кој што постои политички консензус да го почитуваме и искористиме носењето во фази на еден ваков закон. Не е во ред да се фрла со дрва и камења веднаш по предлогот а тоа овде се прави. Треба да ја искористиме можноста како претставници на

граѓаните, квалитетно да придонесеме за конечно изработување на законот, со што ќе направиме напори во интерес на сите граѓани да се изнајде вистинското решение што ќе биде одраз на реалните потреби на граѓаните.

Често се дискутираше дека треба прво да се спроведе децентрализацијата, а потоа територијалната организација, односно тоа значи, да се остави да се види дали сите општини можат да опстанат, а после да се укинат тие што нема да опстанат.

Почитувани колеги, мора да ни е јасно на сите дека сите општини што не би опстанале при ваквата поделба, значи дека би банкнотирале, а мислам знаете кој мора тогаш да ги санира тие општини. Одговорна Влада тоа не смее да си го дозволи.

Исто така овде се зборува дека граѓаните не беа прашани за ваквиот потег на Владата, тогаш што значи носењето на Законот во фази, со јавни расправи између и јасна намера на Владата сето тоа да го сублимира и земе предвид при конечната верзија на овој закон.

Затоа почитувани колеги, дајте ги своите забелешки по Предлогот, конструктивно објаснете ги аргументите за евентуалните промени на предлогот и сугерирајте зошто предлогот треба да се измени. Зарем не е тоа и целта на првата фаза на носење на одредени закони.

Од сето тоа понапред кажано, јас ќе ја извлечам и мојата дискусија во функција на изнесување на мислење, дека за регионот од кој јас доаѓам има подобро решение, во смисла на подобра и поквалитетна територијална организација. А и конечно, децентрализација.

Чувствувам должност да го пренесам мислењето на граѓаните од Струмица и Струмичко, пред се на граѓаните од општините кои се укинуваат и се припојуваат кон други општини, во врска со овој предлог на Владата.

Струмичкиот регион досега е организиран во шест општини и тоа Струмица, Ново Село, Муртино, Василево, Босилово и Куклиш.

Со предлогот на Владата се укинуваат општините Муртино, Василево и Куклиш и тоа општина Муртино се припојува на општина Босилово, а општините Куклиш и Василево се припојуваат кон општина Струмица. После објавувањетона Владиниот предлог трите општини да се припојат кон другите , веднаш се јави реакција на засегнатите граѓани зошто токму нивните општини да бидат укинати. Отогаш досега секојдневно се даваат аргументи токму од тие незадоволни граѓани, од иницијалниот предлог на Владата, се со крајна цел да се докаже дека самите

подобро ќе се грижат засебе, отколку другите да се грижат за него. Секоја од овие три општини се карактеризираат со посебни специфики, кои ги прави различна една од друга, а истовремено, се детерминанти за секоја од нив во функција на аргументи зошто и дали секоја од нив може самостојно да опстане, согласно принципите и целите на предложената децентрализација.

Како претставник на граѓаните од овие општини, јас сум должен овде на седницата на Собранието на Република Македонија, пред целата, а посебно пред стручната македонска јавност да ги изнесам аргументите на овие граѓани, за секоја општина посебно, кои аргументи се потврдени и беа основа за референдум за опстојување на истите. Затоа во мојата дискусија ќе образложам посебно на кратко за секоја од трите општини, кои со овој прв предлог на Владата се укинуваат.

Целта на мојата дискусија, изнесувајќи ги аргументите на незадоволните општини е да и обрне внимание на Владата како предлагач дека е можен подобар предлог за територијална организација во Струмичкиот регион. Тоа значи ако Владата ги зема предвид сите аргументи кои допрва ќе ги кажам, во прилог на општините кои се укинуваат, верувам дека согласно владините критериуми за територијалната организација на локалната самоуправа, Владата ќе увиде дека постои подобро решение за струмичкиот регион кое согласно целите на децентрализацијата, ќе биде во функција на поуспешна и поквалитетна децентрализација.

Генеално би почнал со тоа што ќе ја потсетам Владата, а и ќе ја запознаам македонската јавност дека струмичкиот регион е еден од македонските извори на храна. Струмица отсекогаш била еден од првите региони во државата кои по глава на жител партиципира секогаш повеќе во приходниот дел, отколку во расходниот дел на централнот буџет за државата и сме еден од поразвиените, динамични региони во државата, што од друга страна значи, ако споредиме две слични општини од кои што едната е од струмичкиот регион, а друга од било кој дел на државата, секогаш мора да се има предвид дека струмичката општина полесно финансиски ќе опстои од друга со која се споредува.

Би почнал со поголемата од тие што се укинуваат, тоа е општина Василево. Таа е една од поголемите општини во Струмичкиот регион, а сега е предлог да се припои кон Струмица. Аргументацијата зошто оваа општина треба да опстои, е аргументација на граѓаните кои што живеат во таа општина е следната.

Општина Василево, има 18 населени места со вкупно 12.122 жители, со претежно млада популација. Центар на општината е село Василево со 2200 жители.

Во општината постојат сите неопходни здравствени социјални и образовни институции. Економскаста одржливост на општината може да се поткрепи со големиот број претпријатија, пред се, од приватниот сектор со преку 4000 вработени и проценет капитал од околу 40 милиона евра. Инфраструктурната локална патна мрежа е поврзана со центарот на општината со другите места и со соседните општини. Водоснабдувањето е решено преку 60% од населените места, а остатокот е во фаза на изградба и целата општина е покриена со квалитетна електрична и ПТТ мрежа. Од 1997 година има изградено нова општинска зграда, која ги задоволува условите за работа на општинската администрација и се зголемени надлежностите согласно потребите на новата децентрализација. За разлика од многу други општини во општина Василево функционира јавно претпријатие за комунални дејности Турија, која покрај организирано собирање на сметот, почнува да се занимава со организирано снабдување со вода на населението. Скоро на цела територија на општината постои современ систем за наводнување на земјоделските површини од двете акумулации Турија и Водоча, кој е доста важен факт, имајќи предвид дека земјоделието е главна стопанска гранка во општината, а и претставува основа за натамошниот развој на општината.

Втора општина која е во предлогот на Владата да се припојува кон друга е општина Муртино. Општина Муртино е пример за селска општина  која својата инфраструктурна и развојна колуминација ја достигна во периодот кога постои самостојна општина. Општината вкупно брои 6544 жители со општински центар во Муртино, кој има преку 2000 жители. Општинската администрација е сместена во убава административна зграда за секаков вид проширени надлежности на идната општинска администрација.Образовните, здравствените и културните институции се издигнати на високо ниво, во смисла на релативно нови и модерни објекти и во смисла на квалитетот на услугите кои ги даваат на граѓаните. На територијата на општина Муртино се наоѓа комплекс на хотели, бањи и болници познат во цела Македонија како Бања Банско со историски и традиционални карактеристики на турските бањи и бањското лекување. Покрај нив постојат и доста производствени фирми кои обезбедуваат работа на вкупно од повеќе од 1500 луѓе. Инфраструктурната патна мрежа е опфатена на целата територија на општината и поврзана е со сите соседни општини. Во повеќето населени места со општина Муртино е решено прашањето на водоснабдување на граѓаните а геотермалните води од преку 70оС во село Бањско, познатото Моноспитско Блато, реткиот со закон заштитен папрат е историско и културно обележје на општина Муртино, поради што

во сите периоди од годината има присуство на голем број туристи, како од земјата, така и од странство.

Третата општина која со овој прв предлог на Владата се укинува, тоа е општина Куклиш и таа се припојува кон општина Струмица. Се наоѓа на територија приближно колку Струмица со центар во село Куклиш, кој брои преку 2500 жители. Иако дел од населените места се претежно ридско планински, образовните и здравствените проблеми се целосно институционално покриени во секоја од населените места. Во рамките на општината постојат неколку производствени капацитети, кои вработуваатј доста граѓани од општина Куклиш. Просторната близина со градот има создадено услови и голем дел од граѓаните на опШтина Куклиш работат во струмичките фабрики. Земјоделието е основна и доминантна дејност на граѓаните од општина Куклиш.

Целта која сакам да ја поттикнам со изнесувањето на посебноста и територијалните специфики на секоја од овие општини е да и обрнам внимание на Владата како предлагач на ова територијална организација дека струмичкиот регион по многу нешта е различен од другите во Македонија. И токму таа различност се аргументите за сите овие општини кои треба да бидат земени предвид и Владата да увиде и се согласи дека за струмичкиот регион постои подобра територијална организација, која и те како ќе биде за поквалитетна децентрализација.

Јас сум свесен дека сите општини не можат да опстанат како такви. Не само во струмичко, туку и на секаде во Македонија, но исто така согласно финансискиот дел од паќетот закони за децентрализација и критериумите по кои е направен предлогот за територијалната организираност на општините, знам дека предлогот за струмичкиот регион не е најдобар и може да се промени во наредните фази од донесување на овој закон. Токму и ова е целта на носењето на Законот во фази. Парламентот и јавната расправа треба да бидат во насока на корекција на предлогот на Владата, а во функција за конечно донесување на најдобро решение за поуспешна, поквалитетна и пофункционална децентрализација.

Овој предлог на Владата јас ќе го поддржам во оваа прва фаза, со желба дека предлагачот добро ќе ги разгледа овие мои аргументации и за струмичкиот регион ќе даде корегиран период во втората фаза кој ќе биде секако во функција за подобра и поквалитетна децентрализација на власта.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски имате реплика три минути.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам, почитуван претседателе,

Почитуваниот колега се обрати овде во парламентот и вели дека не е во ред да се фрлаат дрвја и камења по оваа Влада, вели оваа сериозна Влада, дека е добар овој предлог закон меѓутоа, самиот е контрадикторен, не знае што кажува. Кога вели од една страна треба да си останат овие општини во Струмица, а од друга страна ја брани Владата. Од друга страна вели дека ќе го поддржи овој предлог, а од трета страна предлага кои општини да останат. Значи заборавил дека треба да се почитува волјата на граѓаните, дека тие со масовни референдуми се изјаснуваат дека треба да останат овие 123 општини. Тој толку ја напаѓаше опозицијата, вели дека ние фрламе камења и дрва по оваа Влада. Ние предлагаме да си останат овие 123 општини, па понатаму како ќе се одвива процесот на овие општини, дали ќе опстанат или нема да опстанат, тоа е волја на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дин Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам, за репликата на колегата. Мислам дека ако ја слушате целата моја дискусија таа беше во функција и во мое објаснување зошто Владата во првичнинот предлог не ги остави сите општини, затоа што е ризик и секој економист го знае тоа. Ризикот за некоја општина да не опстане, тоа значи банкрот на општината, а некој тој банкрот треба да го покрие со средства повторно од граѓаните. Исто така, сакам да сугерирам со тоа спомнувајќи ја опозицијата да го искористи правото на оваа прва фаза на законот. Ние овде веднаш го напаѓаме предлогот, мораме да бидеме свесни да го почитуваме носењето на овој значаен проект за државата во фази и сите максимално со сите аргументи кои што ги имаме како претставници на граѓаните да ги изнесеме пред народот овде јавно и да ја запознаеме Владата која што јавно зборува дека сите овие аргументи од собраниската расправа и од јавните расправи кои следуваат ќе даде конечен проект.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници, почитуван министре, моето обраќање сакам да го започнам со она што започна и расправата по однос на оваа точка, односно со

вашето обраќање кон пратениците, кон парламентот и кон граѓаните на Република Македонија.

Вие по повод овој закон велите дека прва цел која што треба да биде остварена со овој закон е територијалната организација да обезбеди амбиент за зближување на сите граѓани, за остварувањето на нивните интереси и права по единиците на локалната самоуправа.

Втората цел е создавање на општини во кој што ќе се врати довербата и со животот меѓу граѓаните.

Третата цел, според вас на овој закон е да направи општини што оптимално ќе одговараат на потребите и традициите на граѓаните и да создадат услови за остварување на нивните демократски права.

Четврта цел е создавање на општини кои ќе обезбедат подобар живот, поквалитетни услови на сите граѓани без разлика на нивната етничка припадност.

Според тоа, ова се основните цели кои треба да се постигнат со ваква територијална организација, каква што ја предлага Владата со овој закон.

За да се постигнат овие цели Владата на Бранко Црвенковски тргнала од следните критериуми, барем така е наведено во образложението кон овој предлог за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа.

Прво, демографската големина на општината и општинскиот центар. Имено, општината треба да има над 5000 жители, а општинскиот центар над 2000 жители.

Второ, економската одржливост на општината што подразбира доволен број на стопански субјекти кои би овозможиле доволно средства за материјален и социјален развој на општините.

Трето, постоење на објекти од општествен стандард за вршење на функциите на општината и

Четврто, инфраструктурна опременост на општинскиот центар, природните, географските, историските, културните и еколошките карактеристики на населените места, како и остварениот развој на урбаната и месната самоуправа и достигнатијот степен на развој на комуналниот систем.

Ова се критериумите кои што требаше да ги почитува Владата при донесувањето на законот за територијална организација.

Што друго требаше да има предвид Влдата пред да го изготви и достави до Собранието овој закон. Пред се, бидејќи процесот на децентрализација е еден од основните услови, за приближување на Република Македонија кон ЕУ, секако дека

тоа е Европската повелба за локална самоуправа, која е ратификувана од Република Македонија и со тоа претставува дел од нејзиниот правен поредок.

Според Европската повелба нејзиниот член 5 границата и територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смее да се менува без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање, а доколку тоа е можно по пат на референдум, кога е тоа предвидено со Статут.

Членките на Советот на Европа потписници на оваа повелба утврдиле обврска на Централната власт да ги консултираат локалните власти и жителите на општините при евентуално менување на границите на општината. Оваа обврска е утврдена, бидејќи Советот на Европа тргнува од постоењето на локални власти кои поседуваат демократски избрани органи за донесување на одлуки со висок степен на автономија во однос на нивните одговорности со начини на кои се реализираат тие одговорности, како и средства потребни за нивното остварување.

Со тоа што Владата предлага територијална организација, без да го има предвид фактот дека и досега а и во овој момент во Република Македонија функционираат општини со помали надлежности, но со точно утврдени граници. Со општински власти кои се избрани на непосредни демократски избори, сограѓани кои и покрај малите надлежности на општините успеваат да задоволуваат нивни комунални и инфраструктурни потреби и кои подобро знаат што е за нив подобро решение од некој кој не живее таму и не ги чувствува проблемите со кои тие се соочуваат.

Со тоа што Владата ја игнорира волјата и одговорноста на локалните власти и на граѓаните кои се изјаснија по пат на референдуми, со тоа што Владата не ги прифаќа сугестиите од експертите од оваа област, неминовно се создава впечаток дека основен мотив за донесување на ваков закон со наметнати решенија, кои не произлегуваат ниту од целите кои треба да се постигнат со овој закон, ниту од почитување на критериумите на кои се повикува Владата при предлагањето на законот, е реализација на карта на локалната самоуправа во Република Македонија, која е резултат на политичките потреби на СДС и ДУИ за претстојните локални избори, за претстојните претседателски избори, како и потребата на Владата при ужасни економски состојби во Република Македонија, при незапамтена сиромаштија да создава проблеми кои треба да го тргнат вниманието на јавноста од невработеноста, од сиромаштијата, од економскиот колапс, проблеми кои можат да бидат и од меѓуетнички карактер.

Да одиме со ред. Владата вели дека со ваков закон ќе се обезбеди зближување на сите граѓани во остварувањето на нивните интереси во општините. Дали тоа значи дека со припојувањето на Зајас, Осломеј и другите општини околу Кичево, жителите на Зајас ќе се зближат со жителите од Другово и натој начин ќе можат подобро да ги остварат нивните интереси на локално ниво. Дали тоа значи дека жителите на Дојран ќе се грижат подобро за остварување на нивните интереси во областа на туризмот, ако се грижат за нив преку Богданци. Дали со тоа што градоначалникот на Кичево ќе има надлежност на 80 населени места, наместо досегашните 6 или градоначалникот на Струга кој ќе има надлежност на 49 населени места, наместо досегашните 17, ќе овозможи зближување на граѓаните. Дали сметате дека зближувањето на сите граѓани може да се оствари само со вештачко спојување на селски општини со мнозинско албанско население со градските општини со мнозинско македонско население. Ве уверувам дека зближувањето на граѓаните во остварувањето на нивните интереси во општините, не не математичка операција, туку суштински, политички и социолошки проблем, кој не може да се реши сега и веднаш, туку за тоа е потребно и време и политичка волја и почитување на спецификите на различните етнички припадности.

Понатаму, Владата вели дека со ваков закон ќе создаде општини во кои ќе се врати довербата и соживотот меѓу граѓаните. Ова тврдење е целосно нелогично. Ако Владата мисли дека довербата и соживотот се создаваат со утврдување на општински граници, тогаш не е ништо чудно што Република Македонија ја донесе во ваква ситуација. Владат амора да знае дека довербата и соживотот се стекнуваат со почитување на Уставот, законите, со професионално и стручно функционирање на институциите на системот, со создавање материјални и економски предуслови за нормално живеење, со надминување на социјалната беда и сиромаштија, со почитување на правата на сите граѓани на Република Македонија без оглед на нивната етничка, политичка или било каква друга припадност.

Со тоа што овој предлог премнугу има мирис на етничка логика при кроењето на границите на општините, верувајте дека не придонесувате за создавање на доверба и соживот. Напротив, на овој начин само се поттикнува недовербата и се нарушува заедничкото живеење.

Трето, Владата вели дека водела грижа за тоа општините да можат оптимално да одговорат на потребите и традициите на граѓаните. Дали укинувањето на општина Вевчани значи почитување на традициите на граѓаните на оваа општина. Дали приклучувањето на општина Градско кон Росоман претставува можност за

оптимално остварување на потребите на жителите на градско. Владата не сака да види дека со укинувањето на повеќето рурални општини, единствено се укинува правото на жителите на овие општини да управуваат непосредно или преку нивните претставници со локалните работи. Во суштина со ваквиот начин на територијална организација, се создава спротивен ефект од она што треба да се постигне со овие пакет закони, а тоа е реална, суштинска, функционална децентрализација, со која граѓаните ќе можат најнепосредно и најдиректно да ги остваруваат своите интереси и потреби на локално ниво.

Последната цел која ја постигнува Владата, како што самата милува да каже, е дека со овој закон создавала општини кои ќе обезбедат подобар живот, поквалитетни услуги за сите граѓани. Според Владата која оваа цел не ја спомна кога се расправаше за законите за финансиска децентрализација, со средства од 1% со данокот на додадена вредност, со средства од 3,1% од персоналниот данок ќе се обезбедат поквалитетни услуги и подобар живот на граѓаните во општините.

Како Владата може да тврди вакви работи, кога нема направено ниту елементарна анализа, барем јас немам такви сознанија, за тоа колку средства по овие основи се очекуваат за секоја поодделна општина која се предлага. Или, колку средства се потребни за да се обезбедат поквалитетни услуги и подобар живот во општина Липково, на пример. Колку средства се собираат по основ на ДДВ во оваа општина и колку изнесува 1% од тие средства. Колку проекти чекаат за реализација во секоја пооделна општина. Колку средства се потребни за реализација на тие проекти. Што ако од некоја општина се собираат симболични износи на средства, а Владата во неа не дотира средства. Многу прашања на кои што Владата не дава одговор. Но, не ни може да се очекува од Владата анализа на состојбите и проекција за очекуваните ефекти од овој и од другите закони за децентрализација, од проста причина што таа не го предлага овој пакет заради сериозно и долгорочно решавање на прашањето за пренесување на надлежностите од централната на локалната власт, туку за задоволување на политички потреби.

Факт е дека овој закон за територијална организација е политички мотивиран. Тоа се гледа и од наводното брзање да се донесе овој закон, без оглед на неговата содржина.

Владата на Бранко Црвенковски не треба да ја обвинува опозицијата за одоговлекување на дискусиите. Владата предложи таков закон, кој е со толку непринципиелни решенија, во кои не се почитувани никакви критериуми, закон кој е

резултат само на компромиси помеѓу ДУИ и СДСМ, што навистина не остава никаков простор за дискусија, која би претставувала некаква корекција.

Обврската за реализација на процесот за децентрализација не е од скоро. Постојано Владата зборува дека тоа е обврска од Рамковниот договор од 2001 година. Бранко Црвенковски и Али Ахмети се на власт веќе цели 15 месеци. Нивна приоритетна задача беше реализација на одредбите од Рамковниот договор. Моето прашање е зошто оваа Влада чекаше цели 15 месеци да ги пушти во процедура овие закони за децентрализација, иако најпрво ветуваше дека тие ќе бидат разгледувани во Собранието до крајот на септември 2003 година, а потоа до крајот на декември минатата година.

Сега велите дека ќе бидат земени предвид забелешките и на опозицијата. Јас единствено ви препорачувам да ги земете предвид барањата на вашите пратеници од  СДС и од ЛДП од Кичево, од Струга и од сите други општини, каде граѓаните им ги пренесоа своите барања преку референдуми. Вие сте должни да ја почитувате волјата на жителите на општините чии граници ги кроите. Општините не се создаваат за реализација на политичките потреби на партиите од власта. Тие се основаат заради нивните жители и нивните потреби и интереси, за нивно понепосредно одлучување за локалните работи.

Значи, јасно е дека овој пакет на закони за децентрализација стигна доцна во Собранието. За доцнењето со реализацијата на обврската за заокружување на процесот на децентрализација одговорност сноси предлагачот, а тоа е Владата на Република Македонија. Исто, како што носи одговорност и за катастрофалните територијални решенија што ги предлага со овој закон. Да спомнам некои од нив.

Проблемот со општините Кичево и Струга и етничкиот критериум кој го применува Владата со припојувањето кон нив на Зајас, Осломеј, Вранештица, Другово кон Кичево и Делогожди, Луково, Велешта, Лабуниште и Вевчани кон Струга е веќе доволно објаснет. Нелогичноста на припојувањето на општина Дојран со Богданци е исто така доволно јасно. Овде би се задржал на потребата да опстојат општините Долнени и општината Житоше. Имено, општината Житоше до 1996 година, беше дел од општина Крушево. Во 1996 година стана самостојна општина и таква опстојува до денес. Сега, се предлага таа да стане дел од општина Долнени со општински центар Долнени. Во овој предлог на Владата има многу нелогичности.

Прво, општинскиот центар е многу одалечен од населените места во сегашната општина Житоше. Жителите на оваа општина не се насочени кон него ниту природно, со традиционална врска со овој центар, ниту транзиционо, затоа што

низ населеното место Долнени житолите на Житоше немаат апсолутно никаква потреба да поминуваат, ниту во правец на градскиот центар Прилеп, ниту пак кон Крушево или Македонски Брод. Жителите на Житоше немаат ни економски потреби за одење во Долнени. Сега Владата на сила без никаква потеба ги насочува да мора да одат во Долнени, заради остварување на нивните потреби и интереси, кои ќе мора да ги остваруваат во општинската администрација односно општинскиот центар. ова е исто како да им велите на граѓаните на Скопје дека вршите децентрализација, со тоа што тие ќе можат да бараат одобрение за градба во Куманово. Ова е навистина ступидно. За какво непосредно остварување на интересите и потребите на граѓаните зборувате.

Во однос на аргументите за опстојување на општините во регионот Мариово, покрај веќе наведените сакам да ја истакнам и сообразноста на потребите кои ги имаат граѓаните од Мариово во поглед на здравствената заштита, инфраструктурните потреби, потребата за близина на општинскиот центар, кои се очигледни со оглед на староста на населението и оддалеченоста на населението, на населените места од градскиот центар, со вкупните надлежности кои се предвидени во законот за локална самоуправа.

Факт е дека примарните потреби и интереси на населението од Мариовскиот крај се различни од потребите на жителите на градскиот центар. Тие лесно се утврдуваат. Големината на територијата, специфичните потреби на малобројното и старо население, оддалеченоста од градот и другите специфики по однос на можностите за развој на овој регион, треба да бидат основа за донесување на одлука во поглед на опстојувањето на Мариовските општини.

Според мене, нема дилеми во поглед на неопходноста од почитување на овие специфики на Мариовскиот крај и од опстојување на можноста за локална самоуправа на жителите на Мариово. Општината Тополчани и постојна општина, во која евидентно се подобрија условите за живеење на нејзините жители, со изградба на инфраструктурни објекти, патишта, водоводи и други објекти. Посебноста на оваа општина се однесува на тоа што во неа живее македонско и турско население. За соживотот помеѓу македонците и турците во општина Тополчани, најдобро зборува нејзиното збратимување со општина од Турција. Сигурен сум дека со опстујувањто на општина Тополчани, најмногу ќе добие турската заедница, која многу повеќе и подобро ќе може да го изразува својот идентитет и своите потреби во сегашната општина, отколку во Прилепската општина каде би претставувале незначителен дел. Во прилог на значењето на постоењето и понатаму на одделни општини, сакам да го

спомнам и примерот со општина Самоков. Оваа општина има тенденција на намалување на бројот на населението. Така, од 1994 година, кога според пописот имало 2057 жители, во 2002 година овој број се намалува 1553 жители. Оваа општина опфаќа значителна површина која располага со многу потенцијали. Доколку Владата ја укине оваа општина, директно ќе ја носи одговорноста за поттикнувањето на натамошното иселување од неа и драстичното намалување на населението. Особено, треба да се има предвид и тоа дека браната Козјак овозможува нови перспективи за општината Самоков.

Сакам да ја искористам оваа можност и да ја запрашам Владата дали со тоа општина Кичево да биде со мнозинско албанско население, а со самото тоа и со фактот што новата локална власт во Кичево, ќе биде согласно овој Предлог со доминантно учество на претставниците од Зајас и Осломеј, со оглед на нивната бројност од над 20 илјади жители, дали Владата е свесна дека првата можна одлука на локалната власт во Кичево, може да биде приклучување на овие села на регионалниот водовод Студенчица. Дека со тоа може да се доведе во прашање снабдувањето со вода и на Прилеп и на Кичево и на Македонски Брод. Дали е свесна дека тоа може да предизвика меѓу етнички тензии, со оглед на тоа што жителите на Зајас и Осломеј се од албанска национална припадност. Дали евентуалното заладување на меѓу етничките односи во Кичево нема да не доведе во ситуација, во која се најде Куманово за време на кризата кога немаше вода за пиење. Не гледате ли какви ризици во иднина за Прилеп, Крушево, Македонски Брод и сите други корисници на водоводот Студенчица се појавуваат.

Владата се прави дека не е свесна за она што го договорила. Никаде не спомнува како е можно да се почитувани објективни, а не етнички критериуми, кога во случајот со Кичево и Струга албанците не учествуваат и го бојкотираат референдумот. Жителите на Зајас, Осломеј, Велешта и другите досегашни општини кои се припојуваат кон Кичево и Струга, не сакаат да останат општини. Мислите ли дека тоа го прават, затоа што во Кичево или Струга ќе можат полесно или побрзо да ги остваруваат своите комунални интереси или интересите во областа на основното и средното образование.

Не, господа од СДСМ, тоа го прават затоа што мислат дека со тоа ќе бидат припоени кон Кичево или Струга, ќе имаат градоначалник албанец, мнозинство советници албанци. Затоа што, со тоа ќе можат да го зајакнат и да го направат доминантно албанското влијание и во градовите Кичево и Струга, а тоа за нив е поважно од тоа да имаат своја општина со поголеми надлежности.

Тоа за нив е повисок интерес затоа што целта не е само децентрализацијата, туку најмалку федерализација на Македонија. Сигурен сум дека ова го знаете но не можете да го признаете затоа што вие го договаравте овој закон со вашиот коалиционен партнер и сте соучесници во остварувањето на целите на ДУИ за доминација на албанците во Струга и Кичево како почетна фаза во процесот на федерализација на Македонија.

За разлика од општините Зајас, Осломеј и Велешта општините кои имаат доминантно албанско население во близината на Гостивар или Тетово, како што е случајот со општината Неготино Полошко прават референдуми и бараат да опстојат како општини. Мислите ли дека интересите на албанците од Неготино Полошко се различни од интересите на албанците од Зајас. Не. Разликата е во тоа што албанците веќе претставуваат мнозинство во Гостивар или Тетово и затоа таму не постои повисокиот интерес да се обезбеди доминација на албанците во овие градови. Тоа веќе го имаат. Тој повисок интерес го имаат албанците од Осломеј и Зајас затоа што во овој момент градот Кичево сеуште е со доминантно македонско население. Значи целта е да се измени етничката стртуктура на општините Кичево и Струга. Во нив да доминираат албанците кои по пат на мајоризација треба да ги реализираат нивните етнички интереси и цели.

Зарем уште појасно треба да ви кажат албанците од овој Парламент од она што ви го кажаа до сега. Дека целта на албанците е доминација на оваа етничка заедница секаде каде што живеат албанци во Република Македонија  или најмалку нивна концентрација во една општина со цел да бидат над 20%. Не претставува ли оваа територијална организација само предигра во решавањето на некои крупни прашања во регионот. Не е ли ова нешто што може да предизвика потешки последици за Република Македонија особено ако оваа и ваква територијална поделба се случила во пресрет на решавањето на статусот на Косово во услови кога Република Македонија има необележани граници со Косово.

На крајот сакам да искажам уште неколку суштински последици кои мора да произлезат од донесувањето на вој закон за да се изврши првата вистинска децентрализација.

Првата и  основна цел која треба да се постигне со овој закон е граѓаните, жителите на општината да одлучуваат сами за своите потреби и интереси кои треба да ги остварат на локално ниво. Самите граѓани преку свои иницијативи и предлози да одлучуваат за приоритетите кои треба да се реализираат во општината. Да

одлучуваат за начинот на потреба на средствата кои тие ги плаќаат во вид на јавни давачки. Да имаат контрола во трошењето на тие средства и да добијат конкретно задоволување на тие потреби во рамките на општината. Овие потреби се однесуваат на надлежноста на општините која е дефинирана во членот 22 од Законот за локална самоуправа. Со овие граници кои што се предлагаат што им се овозможува на општинските власти, на градоначалниците и на општинските совети. Само да ве потсетам вас и граѓаните на Република Македонија какви последици ќе се почувствуваат од раководењето со вакви територијални разграничувања.

Прво, општините го вршат урбанистичкото, урбаното и руралното планирање. Издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон. Уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште. Создавате можност по пат на мајоризација жителите на руралните средини да одлучуваат за овие работи во градските средини. Со оглед на фактот дека бројот на жителите на овие населби кои што се припојуваат кон градските центри претставуваат барем исто толкав број колку што изнесува бројот на населението во градовите.

Второ, заштита на животната средина и природата. Мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачко значење. Ова се однесува веројатно на разни видови на депонии за ѓубре или за други работи кои треба да бидат сместени во овие општини и за чие што сместување треба да носат одлуки овие општински власти.

Трето, локалниот економски развој. Планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средни претпријатија со 1% ДДВ и 3,1% од прсонален данок, зборувам како извори на приходи на општините, потоа учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство. Многу општи работи кои што воопшто не се анализирани при донесувањето на овој предлог и при доставувањето на овој предлог до Собранието на Република Македонија. Потоа она што претставува основа за децентрализацијата односно комуналните потреби на граѓаните кои што во добар дел беа и до денес присутни како надлежност на општините. И тоа:

Снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведување и пречистување на отпадните води; јавното осветлување; одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота;

собирање; транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот и локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата и крематориумите и давањето погребални услуги и изградбата, одржувањето и реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот, изградбата и одржувањето на уличната и сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила, отстранување на хаварисаните возила од јавните површини, изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците и одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк шумите и другите површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти. За ова треба жител на Зајас да одлучува за Кичево или жител на Велешта да одлучува за Струга.

Потоа културата. Институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти. Негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности. Организирањето културни манифестации, поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво. Имајќи ја предвид оваа надлежност веројатно ја укинувате и општина Вевчани.

Понатаму, спортот и рекреацијата, развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, организирањето на спортски приредби и манифестации, одржувањето и изградбата на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи. Ова го видовме во Тетово командант Баци како располага со овие објекти.

Потоа социјалната заштита и заштитата на децата. Децките градинки и домови за стари сопственост, финансирање инвестиции и одржување. Остварување на социјална грижа на инвалидните лица, децата без родители и родителска грижа. Лица до воспитно социјални проблеми, деца со посебни потреби, децата од еднородителски семејства, децата на улица, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на правото и воспитување на децата од предучилишна возраст. Прашањата на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита. Овде имате еден вид на надлежност која што директно ги засега најчувствителните подрачја на општественото живеење на секоја општина поодделно.

Потоа образованието. Основањето, финансирањето и админстирањето на основни и средни училишта. Во соработка со централната власт во согласност со закон организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови. Сето ова преминува во надлежност на општините и можно е да ни се случуваат уште многу случаи како Арсение Јовков, како случаите во Битола и тн. и тн., основање на основни и средни училишта без никакви стандарди, како што видовме кога може тоа да се прави со високообразовна институција, сигурно дека за основно или средно училиште тоа не би било никаков проблем во некоја општина каде што треба да се задоволат политички потреби на некакви политички партии.

Потоа, здравствената заштита. Управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа. Здравствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести. Помош на пациенти со социјални потреби, на пример ментално здравје, злоупотреба на деца и тн. и други области кои дополнително треба да бидат утврдени со други закони. Здравствената заштита ќе биде во рацете на општинските власти особено примарната, превентивната. Заради овие причини разграничувањето, територијалните граници на општините претставуваат суштински дел кој што треба да оневозможи нарушување на досегашното функционирање на здравството туку да овозможи негово подобрување. За сите овие работи кои што треба да ги врши општинската, локалната власт никаква анализа, никакви податоци...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски, јас не можам, јас барам мир и тишина, но ве молам ако можете вие да ги замолите од вашата пратеничка група да не бидат толку бучни да се чуеме.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе, Ќе го направам тоа кога ќе бидам на вашето место, меѓутоа сега само дискутирам и ваша должност е тоа.

Кога се работи за другите надлежности на општината се работи за спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на

граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив. Овде сигурно оној кој што ги правел овие работи ќе има можност да го прави тоа затоа што знае што значи тоа. Тоа особено се однесува на коалициониот партнер на СДСМ. Потоа, противпожарната заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици, какло и надзор над вршењето на работите од надлежностите на општините.

Значи сите овие работи кои што ми требаше десетина минути за да ги прочитам тука, а кои се однесуваат на суштинското живеење на секој еден граѓанин, на секоја општина во оваа држава треба да претставуваат тема која ќе биде многу аналитички, многу сериозно, многу сестрано анализирана од сите нас, пред се од оној кој што ни ги предлага овие закони за децентрализација во овој Парламент и на тој начин ние навистина да можеме да ја запознаеме јавноста, граѓаните на Република Македонија дека општина Другово на пример, или општина Струга не може да опстои затоа што нема инфраструктурни објекти, затоа што нема економски капацитет да опстои, затоа што нема некои други аргументи кои што ќе бидат искажани преку бројки, затоа што во неа не се собира доволно данок. Меѓутоа, општина Липково ќе може да опстои затоа што таму се собира доволно данок, затоа што таму луѓето можат нормално да живеат, имаат инфраструктурни објекти, тие не се уништени од војната, многу е убава состојбата и таа општина ги има сите капацитети за да опстои. Ние вакви аргументи не добивме.

Јас се надевам, не сакам да зборувам во однос на критериумите кои што во една реплика ги искажав, кои што не беа воопшто почитувани при утврдувањето на овој предлог на закон за територијална организација ќе има доблест и навистина ќе има слух за барањата на самите жители на овие општини, пред се, потоа на аргументите кои што ги има опозицијата и на крај, меѓутоа не и помалку важно, тоа е принципите кои што се прифатени од страна на Советот на Европа, а кои што цело време кога се работи за било каков друг закон велите дека тоа е нормално, ние мора да го правиме тоа затоа што така пишува во таа и таа повелба или во таа и таа конвенција или во тие препораки, а кога се работи за нешто што го нарушува вашиот договор помеѓу СДСМ и ДУИ тогаш тие работи не важат и важат некои други правила на однесување, некои извртени критериуми и принципи кои што сите ние тука и цела македонска јавност барате да ги проголта. Тоа не може да биде така и верувајте ние тука како пратеници преку нашиот збор се спротивставуваме на овој закон, меѓутоа многу посилно спротивставување ќе доживеете од луѓето кои што

директно се засегнати од ваков закон кој што не води никаде туку само кон создавање на нови напнатости во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

Сега имаме реплики и првата реплика е од господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господинот Стојаноски во своето излагање истакна дека Владата на Бранко Црвенковски ја обвинува опозицијата за одлоговлекување во дискусиите. Јас не знам кој министер го слушнал да го каже тоа, но веднаш ќе кажам дека парламентарното мнозинство гласно ја обвинува опозицијата за одолговлекување на дискусиите бидејќи еден ист пратеник се јавува по три-четири пати. А за денеска да не дојдат во заблуда граѓаните дека господинот Стојаноски се спремал и пишувал, тој го читаше комплет членот 22 од Законот, листата за надлежности на општините, што значи не се спремал посебно туку препишуал. Можел покрај тоа што ги читаше надлежностите да ги прочита и преодните и завршни обврски кои ги имала претходната Влада, во кој рок требало да ги заврши тие работи или пак членот 19 да го прочита за ревидирањето на територијалната поделба како обврска за новите општини во Република Македонија. Или да прочита зошто 45 дена од потпишувањето на Рамковниот договор не е донесен ревидиран закон за локална самоуправа или зошто Собранието до крајот на мандатот на овој состав, се мисли на претходниот не го донел законот за финансирање на локалната самоуправа, плашејќи се или немајќи капацитет тоа да го направи.

И уште една заблуда што сака граѓаните на Република Македонија да ги доведе, никаде не пишува дека општина Вевчани се укинува. Јас не знам дали го читате законот што беше како предлог на средбата на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ кога вие се залагавте за 84 општини, па на тоа се повикувате, но овој предлог што е во Собранието никаде нема дека општина Вевчани се укинува. Престанете да манипулирате со граѓаните на Република Македонија и со јавноста.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас се надевам дека господинот Макрадули ме слушаше во излагањето и ме слушна што се претставува општинската власт. Што се таа треба да работи во иднина, затоа кога вие ќе гласате за Зајас, Осломеј да се припои кон општина

Кичево и сите оние општини да се припојат кон општина Струга треба да го имате во предвид се она што треба тие општински власти да го реализираат во рамките на тие општини. Тоа е едната работа.

Друга работа, кога се работи за одолговлекување, јас ви кажав само една работа, а вие со ништо не ја демантиравте. Тоа е дека ваша обврска за реализација на процесот на донесување на закон за децентрализација која што беше преземена од страна на Владата на Бранко Црвенковски беше до крајот на септември 2000 година, потоа тоа го одложивте до крајот на 2003 година и сега брзате по секоја цена заради апликацијата на 26 февруари да се донесе по секоја цена првата фаза од овие закони. Тоа е вистината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседател.

Да ви кажам право не ме зачуди дискусијата на говорникот затоа што сум ги следел внимателно сите дискусии од моментот кога сум во овој Парламент и сум дошол до заклучок за говорникот дека кога законот за државјанство ја федерализира Македонија, законот за основање на универзитет исто така ја федерализира Македонија и сега еве и овој закон кој што многу јасно носи име закон за територијална организација на Македонија ја федерализира Македонија, зата што Струга и Кичево се по една општина заборавајќи говорникот еден факт дека Струга била една општина до 1996 година, колку што знам јас, а како што знам и Кичево била една општина и тн., меѓутоа се знае кое било државното уредување на Македонија тогаш.

Друго прашање е прашањето во однос на федерализацијата како начин на државно регулирање кое што е во врска со уредување на повеќе држави, заедници. Колку што знам јас во законот за територијална организација на Република Македонија во ниедна одредба не се спомнува овој термин, меѓутоа законот е многу јасен, едноставен, дециден, се предвидува територијална организација на Република Македонија.

Да ви кажам право, јас лично го поканувам говорникот нека излезе и нека каже во која норма, ако јас незнам да читам, еве, тој знае да ги чита нормите и како хипнотизер, или можеби знае да ги хипнотизира нормите, нека каже конкретно, нека

се изјасни во кој дел од текстот од законот кој што е понуден се говори за федерализација, за соединување на држави и т.н. Еве, јавно го поканувам.

БЛАЖЕ САТОЈАНОСКИ:

Ќе му одговорам на претходниот дискутант. Со законот за државјанство ги избришавте македонците по потекло, можноста тие да добијат државјанство на РМ. Со законот за основање на тетовски унуверзитет ги уништивте сите образовни стандарди кои што треба да бидат почитувани и во РМ и во Европа, па и во светот. Со овој закон, со ваква територијална поделба создавате само тензии меѓу македонците и албанците и наместо да се борите за обележување на границата на Македонија со Косово, јавно да искажете дека вие сте за зачувување на територијалниот интегритет на РМ со обележување на границата помеѓу Македонија и Косово и со почитување на стандардите при утврдувањето на границите на општините. Вие единствено што водите сметка , а тоа е на кој начин албанците да станат мнозинство во оделни општини. Тоа е вистината, тоа го пишува во целиот закон, прочитајте го внимателно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван Стојаноски, многу ми е полесно сега да ви реплицирам откако се заврши и репликиве после вашава дискусија со што целосно ја дооформивте својата теза за она што се залагавте на говорницата за територијалната организација на општините во РМ. Сега видов дека сами се соочувате како правник со невиден апсурд. Прво зборувавте дека Владата доцнела со година ипол од процесот да дојде до оваа дефиниција на територијална организација во Република Македонија, а потоа кажавте дека на Владата и се брзало, до 26 на сила да го протури овој закон, или набрзина да ја заокружи дискусијата во Парламентот што сето едно со друго е контрадикторно, или ние филозофите велиме тафтологија, дрво на дрво.

Друго, она што вие опериравте со економските и со географските и еколошките термини би било добро доколку во сето тоа имаше еден логички слет. Меѓутоа, откако ги измешавте сите поими еколошки, економски и географски дојдовте до една фантастична теза која ја формулиравте на следниот начин. Јас би

рекол  дека вашата теза не само што е фантастична, туку е и генијално компаративна теза дека со тоа што се договарале наводно ДУИ и СДСМ ќе било во функција на новата територијална организација дури и на Косово. На ова можат да ви завидат дури европските експерти и да ве поканат во тимот кога утре ќе се дефинира судбината на Косово. За жал, така се изразивте, јас водам белешки , така се изразивте.

Мајоризацијата која ја начнавте , тезите кои си ги спротивставувавте едни на други , исто така не држат, не се во кохезија, затоа што рековте дека наводно руралните општини со мајоризација ќе се надметнеле над градските  средини. Ако ние како земја се залагаме за еден граѓански концепт во кој разликите меѓу градските средини, меѓу селските и градските средини полека ќе се бришат со економски развој, со културен растеж, мислам дека сепак ова е дегутантно што  го кажавте. Се' на се' , мислам дека ова беше една чудна апологија изработена од некоја  позната  политичка кујна , вие знаете подобро за која се работи.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас незнам дали колегата внимателно слушал, меѓутоа за Косово воопшто не спомнав. Основната теза која што сакав да ја кажам е таа и уште еднаш ќе ја повторам, дека ваква територијална организација единствено води кон можност за федерализација на Република Македонија, бидејки тоа се прави во услови на недефинирана граница со Косово, во услови на создавање на влијание на општини кои што се со доминантно албанско население, како што е случајот со Зајас и Осломеј врз Кичево и како што е случајот со Велешта и другите општини врз Струга. И на тој начин единствено се водело сметка за етничкиот критериум при дефинирањето на овој закон. А кога се работи за брзање, има една изрека: народот вели , “брзај полека” . Вие 15 месеци ништо не сработивте во поглед на децентрализацијата,  а сега доставувате закон и велите дека мора да заврши за 5, или 10 дена. Исто  како со Буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван г-дине Стојаноски, незнам  кај вас од каде таква жестина во вашите излагања и можам да речам и омраза кон СДСМ, кон Владата и кон овој Предлог. Господине Стојаноски, познавајки ја политиката, убеден сум дека оваа

територијална поделба ќе претрпи корекција за што многу пати и досега е укажано т.е. дека ќе се промени состојбата од аспект на тоа дека и министерот Гештаковски остави можност за евентуални аргументирани корекции. Но, можеби погрешно ве разбрав, би сакал од вас објаснување на следниот навод. Велите, Житоше катастарски му припаѓа на општината Крушево. Дали со тоа веќе вие промовирате деа Житоше треба да се припои кон општина Крушево. Дали на тој начин го напуштате вашиот концепт за опстојување на сегашниот број на општини што вашата партија го подржуваше и промовираше.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Уште еднаш ќе повторам , она што го реков за општина Житоше. Општина Житоше беше дел од општина Крушево до 1996 година . Во 1996 година стана самостојна општина. Сега се припојува кон општина Долнени со центар населено место Долнени, кон Долнени. Општина Житоше со ништо не е насочена . Јас единствено што апелирав преку собраниската говорница е тоа општина ЖитоШе да остане самостојна општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Јас во мојата реплика ќе бидам краток. И мислев дека после дискусијата на г-динот Груевски ќе завршиме со оваа расправа. Но,очигледно партијата ВМРО-ДПМНЕ врши опструкции на целокупниот Парламент и на нас и почнуваат повторно да дискутираат исти работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплицирајте на ставовите на г-динот Стојаноски. А тоа што гоконстатирате, јавноста гледа.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

На дневен ред е законот за територијална организација на локалнатата самоуправа. Колегата Блаже Стојаноски зборува за поделби. Значи, не е поделба на Македонија и незнам зошто 90% од вашите колеги и вие зборувате за некаква поделба на РМ. Не можам да ја разберам која е вашата цел. Дали сеуште кај вас е

идејата за поделба на Македонија од вашиот бивш лидер, или идејата за Групчин и после Групчин. Сите ваши дискусии се во правец поделба на Македонија, поделба на општини, поделба на општини албански, поделба на општини македонски и зборувате за федерализација. Незнам зошто не можеме да разбереме дека децентрализацијата не значи федерализација.

Во однос на она што се повикувате на Европската Повелба за локалната самоуправа , точно е тоа дека во членот 5 е предвидено консултирање на општините преку референдум. Но, во Повелбата никаде не е предвидено резултатите од референдумот да бидат обврзувачки за Владата. Ако има некој таков член , би сакал да го знам.

И на крајот, дали ние овде можеме да зборуваме за општински граници кои што ќе не спојуваат, а не за општински граници кои што ќе не разделуваат. Доколку вака почнеме да размислуваме, ќе одиме на добро и за нас и за Македонија. А доколку и понатаму дискутираме во правец на општински граници кои што ќе разделуваат како што вие дискутирате и доколку не почнете да размислувате поинаку, сметам дека вие сте на погрешен колосек.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ;

Господине, вие го реализирате тоа што го почна Али Ахмети во 2001 година. ВМРО-ДПМНЕ се спротивстави на тоа, но вас ви е послатка власта од интересите на Република Македонија и македонскиот народ, за жал. Кога зборувате за граници, јас ве уверувам дека границите на општините не претставуваат граници како што вие ги сваќате, туку тие претставуваат административни обележја на општините до каде што се протега надлежноста на секоја општина поодело. Јас барам аргументи од страна на Владата како населението во тие граници ќе може во целост да ги оствари своите потреби за решавање на комуналните проблеми и своите интереси во областа на образованието, здравствената заштита, водоснабдувањето и сето она што претставува надлежност на општините.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Недим Рамизи.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Сакам да реплицирам само во делот на набројувањето на надлежностите на локалната самоуправа кои што ги наброја пратеникот. Така што со презир и навредливост набројувајќи ги овие надлежности ги спомена селата Велешта и

Зајас. Значи, навредливо спрема овие граѓани дека овие граѓани не можат едноставно да одлучуваат за овие надлежности во тие градови. Незнам, си поставувам прашање, што поцивилизиран се смета почитуваниот пратеник од граѓаните на овие села, кога знаеме во 2001 година што се правеше во неговиот град.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Факт е едно дека граѓаните на општина Струга треба да одлучуваат за своите интереси и своите потреби. Не може граѓанин независно од неговата етничка припадност кој што припаѓа во некое село кое што е одалечено од Струга да одлучува за комуналните потреби на граѓанин од Струга. Тоа е една работа.

Втората работа, долго време се прашувам , господинот е од партијата ДУИ? Ме збунува , додека да ги ставам слушалките почнува да зборува на македонски јазик. Незнам дали да го правам тоа и понатаму?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние сме во Парламент. Секој може да го каже своето мислење. Пробелмот е во тоа што демократијата некој ја има некултурно, а некој културно ја манифестира. Но, јас не можам да предвидам што ќе каже г-динот Стојаноски. Затоа ве молам, јас предупредувам сепак да го чуваме дигнитетот . За реплика се јави г-динот Абдулаким Адеми.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател. Мислам дека сега г-динот Стојаноски ги стави слушалките и слуша. Господине Стојаноски секој има право да говори на јазикот на кој што сака. Ме чуди нешто друго, дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ толку многу се грижат за македонците во Западниот дел на Македонија, посебно пратениците кои доаѓаат од Источниот дел од Македонија. Едниот од нив е и претходниот говорник . Меѓутоа, тие се грижат за нив само за време на изборите. Тие се грижат само за време на изборите, или само кога сакаат да ги искористат за да го изразат својот национализам, или се грижат за Струга само кога одат на одмор во летниот период. Доколку вие се грижите толку за македонците од Западниот дел на Македонија, повелете иселете се и дојдете да живеете заедно со нив и подобро штитете ги нивните интереси. Вие седите тука и говорите во нивно име и ги користите сите бенифиции кои ви ги дава државата. На крај барам од г-

динот Стојаноски да побара јавно извинување од пратеникот на кого , односно пред малку го навреди зошто го говори само македонскиот јазик.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас прв пат сега слушам дека Прилеп се наоѓа во Источна Македонија, или тоа за албанците е така, затоа што за нив Македонија е до каде што има албанци. Меѓутоа, сакам да искажам една работа која што предизвика многу шпекулации досега. Тоа е дека јас прашав , кога пратениците од ДУИ се јавуваат дали има потреба постојано да ги ставаме слушалките, или не? Јас тоа прашање го поставив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски, јас не спомнав дека вие со вашиот коментар и го кршите Уставот, бидејки му забранувате , или коментирате на пратеник да зборува на официјалниот јазик на оваа Република, а тоа е македонскиот јазик. Тоа не сакав тогаш да го кажам, но сега го кажувам, бидејки си користи официјален јазик македонски , а вие тоа го оспорувате.

За збор се јави госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претсеателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре, расправаме попрвата фаза од законот за територијална организација на локалната самоуправа во РМ. Сакам да го искажам својот став по него. Јас ќе гласам за , во оваа прва фаза, а ќе ги дадам и своите забелешки и сугестии кои можат да бидат исползувани во следната фаза. Зошто ќе гласам за? Прво, за да ја искажам јасно и недвосмислено својата определба за децентрализација на власта во РМ. Со сигурност можеме да кажеме дека е тоа определба на огромното мнозинство граѓани во нашава земја веќе со години. Не беше Рамковниот договор тој што ги убеди граѓаните во тоа. Практикувајки ја локалната самоуправа од 1996 година до сега, самите граѓани ги увидоа придобивките дури и од оваа рестриктивна форма на децентрализација, инсистирајки на поголеми надлежности и средства за нивно исполнвување. Сооглед на тоа што законот за територијална организација се смета за дел од пакетот закони за децентрализација , за мене би било логично сите ние да ја подржиме оваа фаза , за што сите како политички субејкти веќе сме се изјасниле дека имаме консензус околу ова прашање.

Втора причина зошто ќе гласам за. Децентрализацијата има значајно место и во Рамковниот договор, а уште позначајно во очекувањата на Меѓународната заедница да го имплементираме што побрзо. Значи сметам дека оваа фаза треба секако да ја изгласаме за да не испратиме погрешна порака што би можела да и нанесе штета на нашата земја. Соoглед на фактот дека и за имплементација на Рамковниот договор имаме јавно изречен консензус, добро би било тоа да се покаже и низ изгласувањето на оваа фаза од законот.

Трета причина поради која што ќе гласам за оваа фаза од законот. Се наоѓаме неколку дена пред поднесувањето на апликацијата за прием во Европската Унија. Ќе биде особено полезно за сите нас да реферираме дека сме ја завршиле првата фаза од целокупниот пакет за децентрализација и да го додадеме ова на сите други аргументи зошто Македонија заслужува да и се приближи на ЕУ , покажувајки се како сериозен и одговорен партнер кој ги почитува сите потпишани договори. Тука би сакала да дадам еден коментар за толкувањето на овој чин на апликација од одредени средини. Голема штета е што не сме сите подеднакво свесни колку е значаен овој чекор, исто какошто многумина не беа свесни за значењето на чинот на потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во 2001 година среде воениот конфликт. Можеме само да си замислиме каде би биле сега да не го сторевме тогаш тоа. Ова го спомнувам за да направиме реална споредба и да си дозволиме себеси и на другите околу нас оваа апликација да ни биде потстрек и мотивација за одење напред.

Нема да навлегувам во теоретски расправи за тоа каква територијална организација ни треба. Стручните лица се имаат произнесено и јас ги почитувам нивните елаборации. Независно од различните толкувања и извлекување одредени сегменти по стручните анализи, верувам дека повеќето од нас се согласуваме околу три работи.

Прво, практикувањето на локалната самоуправа од 1996 година до сега донесе низа придобивки за општините. Општо гледаон, се суредија, се изградија, живнаа и со средства од надвор, но и со сопствен труд и иницијатива. За тоа има многу показатели.

Втор елемент околу што верувам се согласуваме, немаме сигурни показатели за тоа кои од сегашните општини би можеле ефективно да функционираат со новите надлежности. Причина за тоа е пред се отсуството на искуство и податоци од фискално децентрализирани општини, иако за волја на вистината за некои од

постојните општини може со сигурност да се прогнозира резултатот, следејќи ги познатите параменти.

Трет елемент, околу кој што верувам се согласуваме, е дека волјата на граѓаните да живеат во една територијална заедница е ваш елемент за формирање успешна и хармонична општина по мерка на граѓанинот и таа треба, секако, да биде земена предвид.

Сите сме свесни дека законите за децентрализација се сложени и бараат време за добро формулирање, за имплементирање, но и за прифаќање на поединечни решенија од страна на граѓаните. Лично јас би била посреќна доколку ги усвоиме, а стапувањето во сила да биде пролонгирано и во фази во некој период од една до две години. Се разбира, во тој случај и одржувањето на локалните избори би требало да се одложи за некој разумен период. Реално гледано, предвидените рокови од неколку месеци за сиот овој комплициран процес се прекуси. Има дипломати кои укажуваат на можните грешки, кои ќе треба дополнително да ги поправаме. Но на Македонија не и требаат грешки и одење напред - назад. Затоа, мислам дека вреди да се размисли и за една ваква варијанта.

Еве ги моите конкретни забелешки на текстот. Поделени се во три групи.

Првата група забелешки е во поглед на новите општински граници. Општо земено поддржувам раздвоеност на урбаните од руралните населби секаде каде што е тоа можно и рационално. Затоа, сметам дека градовите како Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Струга треба да останат во постојните граници. Сега се вистински мултиетнички градови со свој дух и менталитет и градска традиција градена низ вековите. Треба да сватиме сите во Македонија дека најбезбедни сме ако живееме заедно измешани едни со други. Жителите на овие градови тоа го знаат и секое нарушување на оваа рамнотежа може да биде штетно и да претставува лоша порака за можна гетоизација.

Друга моја забелешка се однесува за руралните општини. Дел од руралните општини веројатно треба да се окрупнат, но секаде. Има општини кои имаат свои специфики, силно изразена волја, но и капацитет да опстојат самостојно.

Затоа, се залагам за самостојност на следниве општини: Дорјан, Зрновци, Василево, Центар Жупа, Осломеј, Вевчани, Лабуништа, Зајас и Велешта. Постојат се разбира и други примери, но овие ги издвојувам како најспецифични и најубедливи.

Мои забелешки во поглед на псотавеноста на општинските центри. Врз основа на одржаните референдуми, но и согледувајќи ја приложената аргументација,

предлагам општински центри на новоформираните општини да бидат следниве: Ростуше, во случајот Ростуше и Маврово, Градско во случајот Градско и Росоман, Могила во случај на спојување на Могила со Кукуречани и Чешиново во случајот на новата општина со Облешево.

Предложениве центри ги имаат сите потребни карактеристика на општински центар, а и традиција која што може да се проследи.

Имам и забелешки во поглед на општинските граници. Имено, некои граници треба да се ревидираат, а како најочигледна илустрација ја давам границата меѓу новата општина Чаир со општините Центар и со Бутел. Особено би го апострофирала одвојувањето на Кале од старата чаршија. Се разбора, ова би станало помалку важно ако скопските граници станат само административни, за што ќе зборувам во расправата по законот за градот Скопје.

За надминување на сето ова, предлагам еден ваков приод. Да се направи ново прекројување на општинските граници онаму каде што не е спорно, а онаму каде што постои силен отпор, тоа се најчесто поранешните кризни региони, да не се зафаќа. Во одредени региони во земјава се разви одреден страв од етнички притисоци од различен вид. Независон дали тој страв е рационален или не, тој постои. Треба да се има разбирање и за луѓето. Воената криза сеуште се помни, а раселените лица под етнички притисок се живи сведоци за тоа. Треба да сме свесни дека и самиот страв прави политички штети. Значи, се залагам за внимателон проследување на сите забелешки од пратениците и граѓаните за да не ни се случи во името на мировниот Рамковен договор да придонесеме за создавање немир. Градењето доверба е долг и макотрпен проце, важно е да знаеме дека сме на вистинскиот пат.

Дозволте ми да го коментирам досегашниот тек на дискусијата. Ниту се сомневам во патриотизмот на опозицијата, ниту сметам дека власта ја продала Македонија. Бевме сведоци на премногу жестоки изјави, премногу обвинувања, понекогаш претешки за консумирање. Убедена сум дека и ваквите дебати со апокалиптички тонови и меѓусебни сатанизации директно влијаат на мотивираноста на граѓаните на Република Македонија да останат во Македонија и да се борат за подобро утре. Ние како политичари треба да ги мериме искажаните зборови. И ние сме секако луѓе и понекогаш се поведуваме од емоции, но сепак треба да приоѓаме со поголема одговорност кон она што го изјавуваме, зашто се што правиме е порака до граѓаните, и законите што ги носиме и нашите изјави во врска со нив.

Дозволете ми да кажам уште нешто во што сум цврсто убедена. Македонија ќе ја биде, го сакал некој тоа или не, затоа што не има многу и во земјава и надвор од неа што тоа силно го сакаме, толку силно што сме спремни да се бориме  за тоа со сите средства. Може некогаш со некое политичко решение, закон или одлука и да згрешиме, но едно треба да знаеме. Македонија може да биде поразена еднаш, два пати или повеќепати, но Македонија никогаш нема да биде победена. И секое наредно искуство ќе не учи како да бидеме помудри, посилни и порешителни во нејзината одбрана.

Следејќи ги настапите на министерот и неговите изјави, убедена сум дека сите реалистични и добронамерни укажувања ќе бидат земени предвид. Затоа очекувам нов текст кој ќе можеме да го разгледуваме во многу помирна атмосфера и со поголемо задоволство. Ова е важен закон и добро ќе биде за сите нас да го усвоиме со мирна совест и широк консензус.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Поповска.

За реплика се јави г. Адеми, повелете три минути.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Внимателно ја слушав дискусијата на претходниот говорник и ми даде причина да реплицирам на делот каде Што ги спомна градовите Тетово, Гостивар, Дебар и Струга, каде предлага дека подобро ќе беше да останат во денешните граници поради сочувување на мултиетничкиот критериум. Меѓутоа, и со соединување н аповеќе општини околу Кичево и Струга мултиетничкиот критериум воопшто не се губи, тоа е факт. Меѓутоа, стравот постои,  да кажам “стравот” постои од измена на етничкиот состав таму, што не е реално.

Потоа се спомна и стравот кој постои во кризните региони каде што имаше конфликт и предлогот беше да нема измени во границите на тие општини. Меѓутоа, сите знаеме дека Струга и Кичево не биле опфатени со конфликтот, зошто тогаш таму постои страв во тие градови, и каде е позадината.

Напротив, таму каде што имаше конфликт нема реакции од граѓаните. Нема реакции во Тетово, Куманово, ниту во Скопје. Во Скопје има, меѓутоа, во Куманово и Тетово главно не. Значи, овие тези мене ми изгледаат неосновани и не држат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контрареплика за г-ѓата  Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мојот основен мотив за овие сугестии за овие градови да останат во сегашните граници всушност беше мојот став дека треба да правиме раздвоеност на урбаните од руралните населби секаде каде што е тоа можно и рационално. Овие градови ги посочувам како градови кои се типично мултиетнички и кои имаат една многу слична традиција. Затоа ги поврзувам како една низа, така што тоа ми е основниот мотив, а стравот кој постои во тие региони е само дополнителен мотив затоа што јас наведов, независно дали е тој страв рационален или ирационален, тој може да предизвика политички штети и мислам дека треба да бидеме многу внимателни. Ние го потпишавме Рамковниот договор за мир, да не си создаваме терен за евентуален немир.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Даневски, реплика три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На почитуваната потпретседателка г-ѓа Лилјана Поповска би искоментирал во два сегмента. Првиот малку не  збуни затоа што се зборуваше за децентрализација. Да ги разграничиме поимите, да не ја буниме јавноста. Децентрализација ние ја решивме, со тоа што ги трансфериравме надлежностите од централната на локалната власт. Да не ги поврзуваме нештата што немаат допирна точка. Денес зборуваме за нова тема, новата тема е територијалната организација и нови општински граници. Другото што буни е во стилот Пашиќ, ја поддржувам и Владата, ги поддржувам и граѓаните. Сега кого подржува, сега нас не збуни. Ги подржувам и граѓаните, а ќе гласам пак за предлогот на Владата. Прашањето се наметнува природно, дали овој предлог нема да ја измени, во делот на она што значи новата децентрализација, етничката карта во Кичево и Струга. Тука е централното прашање. А она што значи дека треба да живееме заедно, па ние и денес живееме заедно, и денес не сме се поделиле. Прашањето е тоа дека ние и ден денес живееме заедно. Прашањето што е за внимание е зошто ќе ја нарушиме онаа традиција во Кичево и Струга, затоа што им додаваме нови општини кои и самите имаат, почнувајќи од Зајас и др. по пет или 10 илјади жители и демогравски и економски ги исполнуваат сите критериуми, според дадените критериуми кои ги предлага Владата. Тоа е централното прашање. А тоа дека ние треба да живееме,

ние сме предодредени да живееме со албанците, тоа е нашата судбина и од тоа нема бегање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас мислам дека бев сосема јасна кого подржувам . Јас ја подржувам првата фаза од овој закон и објаснив точно зошто? Затоа што сметам дека треба да пратиме една добра и позитивна порака секаде каде што треба и каде што тоа се очекува. А инаку за следната фаза јас очекувам измени на текстот кои што врпочем беа и најавени од страна на министерот и очекувам дека сите наши забелешки кои што се рационални, добронамерни и разумни ќе бидат земени предвид. А инаку, тука се разбира дека јас кога ги давав своите забелешки тргнував и од свои убедувања, меѓутоа и од изјаснувањата на граѓаните кои се изјасниле преку референдуми.

И уште едно нешто, јас не навлегов во елаборации во детали зошто одредени градови, или места се вакви или такви затоа што во изминатиов период слушнавме елаборации и несакав едноставно да се повторувам. Меѓутоа, ги уважувам сите реалистични елаборации што досега беа кажани. Мислам дека бев сосем јасна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г. претседателе, од она што го говореше г-ѓата Поповска во основа и се она што го говорев јас и сите други пратеници од опозицијата дека сите ние бараме општини по мерка на граѓанинот, а дека предлогот не дава такви општини се доказ повеќето од 30 референдуми кои се случија во Македонија., одвојување на градски од руралните средини и поставеност на општинските центри. Во основа беше линијата која сите ние во своите говори ја следевме и се залагавме. Меѓутоа, навистина сум збунета зошто тогаш г-ѓата Поповска ќе го подржи предлогот, бидејќи измените кои таа ги очекува во втората фаза во потполност ќе ја сменат сликата на предлогот кој сега е на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г. Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ќе објаснам зошто ќе ја подржам првата фаза од законот за децентрализација, притоа дообјаснувајќи уште еднаш дека пакетот закони за децентрализација го содржи и законот за територијална поделба. Така велат стручњаците, јас тоа го почитувам. Значи, го отфрлам она дека ова не е дел од пакет закони за децентрализација. Напротив и кажав токму затоа што треба јасно и сме кажале дека ја подржуваме децентрализацијата, ова е дел од тој пакет. Затоа ќе го подржам во оваа фаза. Значи, самата намера да се направи една порационална и посоодветна територијална поделба , јас го подржувам. Но, тоа што имам јас и другите колеги серија забелешки, тоа е приликата токму во една ваква расправа да се каже. Мислам дека тука нема ништо збунувачко.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Г-дине претседателе, дали можам да ја крстам мојава реплика , позитивна реплика? Сакам да ја подржам и ја охрабрам г-ѓата Лилјана и сите други претставници од позицијата кои дискутираа на ваков личен пристап и начин кон предлог законот што сега го имаме пред нас и ќе дојде времето кога ќе дојде втората фаза, ќе ги сочуваме стенограмите и ќе видиме кој ќе остане на зборот и на кажаното што сега во оваа прва фаза го кажавме, така што ќе имаме време да видиме кој стои на зборот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Нема да ја искористам за процедурално оваа реплика, подоцна ќе се јавам. Репликата се однесува на дискусијата на Лилјана Поповска. Пред се, и јас би сакал да го поздравам говорот на пратеничката односно потпретседателка Лилјана Поповска. Мислам дека искажа доста аргументи кои ќе дадат едно размислување до Владата и предлагачите. Меѓутоа, кај мене остана една дилема по нејзиниот говор, па доколку може да дообјасни, тоа е нејзино право. Се работи меѓу Маврови Анови и Ростуше, не разбрав дали се залага за двете општини посебно да останат, затоа

што претходно рече што повеќе општини да останат, или пак бидејќи во нејзиниот говор преовладуваше едно мислење дека седиштето на општината треба да е во Ростуше, дали тоа значи дека Маврови Анови и Ростуше треба да се спојат и седиштето да биде во Ростуше, иако Маврови Анови имаат доста материјали со кои објаснвуаат и не убедуваат нас пратениците дека од многу аспекти треба да остане посебна општина, а тоа ќе го кажеме во нашите говори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Поповска една минута.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мојот став се однесуваше во поглед на центарот на таа новопредложена општина Ростуше и Маврово и предложив тоа да биде Ростуше, а не Маврово како што е во сегашното решение. Меѓутоа, доколку стручњаците проценат дека има капацитети за двете општини да опстојат, јас не би имала против. Значи, прашање е на стручна проценка за одржливоста на тие две општини. Но ако постои една таква цела општина, тогаш би инсистирала тоа да биде Ростуше поради низа елементи, а Ростуше е една компактна општина со огромно, големо населени во поглед на Маврово и со сите елементи кои се потребни за општина. Но доколку постојат услови и за двете , јас не би имала ништо против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г. Абдулади Вејсели, три минути.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Навистина се двоумев дали да реплицирам или не, но не би сакал да оставам дилеми пред пошироката јавност на Република Македонија . Јас незнам, со овие романтични дискусии, во однос на тоа би сакал да ја прашам г-ѓа Поповска против кого беа наменети зборовите ќе ја заштитиме Македонија. Рековте дека ќе ја заштитите со сите механизми што ги имате во рака, меѓутоа, незнам против кого. За кого беше наменета оваа порака? И тука треба да бидете малку појасна затоа што живееме во една мултиетничка Македонија и не верувам дека стариот начин и старите аверзии против албанците може сеуште да ги изразувате на говорницата на Парламентот.

Второ, вие сакате мултиетничка држава во Република Македонија , меѓутоа, сакате мултиетничка држава каде ќе владее македонското мнозинство.

Доколку не се пратениците такви како што сте вие и некои други, во тие градови ќе се живее подобро. Денес немаме никаков проблем ниту во Кичево ниту во Струга, верувајте нема да имаме ни во иднина, дури и кога руралните општини ќе се пријпојат кон Струга и кон Кичево. Ние сега да не прогнозираме и неможеме да видеме оние кои ќе прогнозираат за тоа кој ќе биде граноначалник на општина Кичево и на општина Струга. Меѓутоа, треба да создадеме амбиент и политичка клима каде сите треба да бидат заедно, а не на еднostран начин да се размислува, Кичево да мултиетнички град, но не со албанско мнозинство, Кичево мултиетнички град но со мнозинство македонци. А каде да ги однесеме граѓаните од Зајас, да ги избркаме, како што Ранковиќ ги избрка албанците во Турција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да дадам реплика, да ве утешам господине Вејсели, ќе бидете недообјаснети пред јавноста, бидејќи како што тргнавме, никој повеќе не не ни гледа.

Повелете госпоѓо Поповска, имате реплика 1 минута.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Многу несоодветни зборови и термини. Да бев на говорница и ќе опоменев можеби.

Праша господинот Вејсели до кога ќе ги етнизираме проблемите во Република Македонија. Јас само можам да го повторам тоа прашање во мое име.

Спомна создавање политичка клима. Мислам дека токму ние во Парламентот сме тие кои најмногу влијаеме да создаваме политичка клима на разбирање и почит и отвореност.

Не би сакала да спомнам ни еден дел, дури ни да се бранам од некои инсинуации кои беа спомнати, бидејќи, едноставно, нема основа.

Инаку Република Македонија сите ние ќе ја браниме заедно, сите, и македонци и албанци и турци и срби и власи и роми и сите што живеат овде, од секој недобронамерник кој би посакал нешто лошо да и направи. Така што тоа е нешто што е сосема јасно. Мислам таква работа нетреба да се објаснува. Секој што тоа го чувствува што има врска со оваа држава, тоа така, верувам би го правел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес пред нас се наоѓа Предлог законот за територијална организација на локалната самоправа, што истовремено е и исполнување на обврската која произлегува од Рамковниот договор во Охрид, координирана со надворешниот фактор. Оваа обврска не е случајност, што значи во прв ред досега сме имале централна држава, општини кои се без извршни фукнции, кои не биле во функција на граѓаните. Организирањето на локалната самоуправа со 123 општини, исто така не кореспондира со функционирање или физичко егсистирање на некои општини.

Почитувани колеги, во овие услови и околности се поставува оврската на една нова организација на една нова локална самоуправа која почнала после донесување на Законот за локална самоуправа што на значителен начин ги зголемува ингеренциите или надлежностите на локалната самоуправа, во неколку области или дејности, и тоа: економско планирање и развивање на локалната економија, територијална организација, развивање на инфраструктурата, посебен интерес во образованието, здравството, социјална полилтика, култура, спорт и заштита на животната средина.

Почитувани колеги, како што гледате тоа се тие надлежности кои општините сега треба да ги спроведуваат. Меѓутоа, веднаш се поставува прашањето, со кои финансиски извори, една општина треба да ги реализира. Според законот тоа се сопствени извори од даноците, од централниот буџет, како и дотациите. Јас би ги спомнал само сопствените приходи, даноците, самопридонесите, дотациите, дел од ДДВ, како и персоналниот данок. Сега сите обврски, треба без емоции и национални квалификации, не треба тоа да го правиме со определување на граници, туку со преземање на обврски, така да власта да биде во функција на граѓаните. Треба јавно да се декларираме, посебно пред меѓународните релевантни структури за интеграции. Многу често сме критикувни токму од истите структури за неефикасност во практичниот живот.

Кога сме кај овој предлог закон многу општини, во принцип рурални, треба да се интегрираат, или да се групираат во поголеми општини, по можност во оние урбани, што е во ред. Зошто да не се размислува и за одредени рурални општини кои постепено користејќи го искуството на урбаните центри и тие да преминат во урбани. Во овие услови, според член 6 каде јасно се дефинира или се определува како треба да изгледа еден град. Несомнено овие услови ги исполнува Теарце. Затоа уште еднаш апелирам до граѓаните од Вратница и Јегуновце дека како такви може да останат само рурални, едноставно селски. Тие да се припојат кон Теарце,

затоа што сите патишта водат кон Теарце. Ова беше во 50-тите години и сеуште се користи истата инфраструктура. Зошто да го немаме тоа и денес, се разбира и со една поусовршена инфраструктура и поквалитетна. Ова сигурно го сакаат сите граѓани на овој регион, затоа што тука има елементи на граѓанство и тоа може да се потврди. Од 62 односно од 29 рурални општини, со седиште во село, ни една општина  општина не може да авансира на една урбана општина. Мислам таа привилегија треба да ја има Теарце, заедно со Јегуновце и Вратница, со поддршка на Владата, што воедно може да биде и стимул за другите рурални општини, кои во долгорочниот план за развој, да размислуваат за нивно урбанизирање. Инаку само некои граѓани ќе бидат привилегирани, елементите на градот да ги користат директно, за разлика од некои граѓани кои живеат во руралните општини и овие бенифиции нема да ги имаат. Со ова видно би се навалила и миграцијата село-град, што за мене е многу важно во стратешкиот развој на државата.

(Со седницата продполжи да рководи потпаретседателот на Собранието на Република Македонија)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господин Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитуван министер,

Прво што сакам да кажам е дека со овој предлог на закон мислам дека се исполнува една сериозна обврска во процесот на децентрализација на власта и основните насоки кои беа групирани по одделни области како што се: планирање и водење на локалниот економски развој, планирањето на подрачјето на општината, организирање, уредување и управување со комуналната инфраструктура и дејности, одделни прашања од сферата на образованието, здравството, социјалната заштита, културата и спортот. Се разбира тука спаѓа заштита на животната средина и природата, како и други прашања од непосреден интерес за граѓаните во општината.

Мислам дека начелата врз кои се темели овој закон се сосем во ред, тоа се пред се уставноста и законитоста, економската одржливост на општината, рационалност, ефикасност и квалитет во извршувањето на надлежностите, оптиминализација на учеството на граѓаните во извршувањето на новите надлежности, економичност во организацијата на извршувањето на надлежности и неделивост на границите на катастарските општини.

И јас навистина не би се осврнувал многу само би сакал изворно да ги пренесам определените забелешки кои се надевам дека и министерот и Владата сериозно ќе ги разгледаат и се разбира во една, ете така, втора фаза би рекол од разгледување на овој закон, сериозно би пристапиле кон разгледување на овие забелешки кои морам да потенцирам доаѓаат изворно од населението кои живеат во Тетово и тетовско.

Би почнал со ред:

Сегашната општина Џепчиште со селата Ѓермо, Једуарце, Отуње, Порој, Сето и Џепшиште, предлагаме да остане како општина како и досега, или да се припои евентуално кон општина Теарце каде што и природно и гравитира.

Сегашната општина Шипковица, со селата Бодовце, Бродец, Вешала, Гајре, Лисец и Шипковица, да остане како општина, како и до сега. Селото Голема Речица да се припои кон предложената општина Боговиње, а седиштето на оваа општина, има и таква иницијатива и референдум имаше во село Боговиње или во село Камењане, кое претставува и природен центар на овој регион, а општината Тетово со градот Тетово и селата Фалише, Лавце, Мала Речица, Сараќино, Селци и Вејце, да останат општина како и до сега, повторувам без село Голема Речица и сите оние центри кои се сега припоени. Повторувам без село Голема Речица и сите оние центри кои се сега припоени.

Би дали и едно кратко образложение.

Досегашните општини Џепчиште и Шипковица од нивното формирање имаат свој забележителен развој во сите општествени сегменти и тоа економски, стопански, инфраструктурен, културен и друго. Истите во целост ја оправдаа потребата од нивно постоење и ги исполнија потребите на граѓаните од доменот на локалната самоуправа.

Очигледно во предлогот е занемарен фактот за конкретната состојба на теренот, тое е мое мислење. Мислам дека границите се определени според географската карта на која се припојувале цели географски простори. Очигледен пример се селата Бозовце, Вешала, Бродец, кои се наоѓаат на повисоките предели на Шар Планина и се оддалечени од градот Тетово повеќе од 20 километри, и чии жители, би рекол дека немаат ништо заедничко со проблематиката на градот, ниту пак жителите во Тетово имаат нешто заедничко и можат да остваруваат некои заеднички права со нив.

Шипковица, Лисец, Гајре, Бозовце, Бродец и Вешала, се места со непосредна комуникација, со идентични проблеми во скоро истоветен начин на

живот на граѓаните со еднакви можности за развивање на планиски туризам, дрвопреработувачката индустрија и сточарството каде што и од научен аспект и од интересовен аспект на тие луѓе, најлогично би било и понатаму да остане општината Шипковица.

Предлогот да се спои тој регион кон Тетово, нема не само научна поткрепа, туку и е контрапродуктивен за остварување на основните права и потреби на граѓаните кои произлегуваат од тој регион. Сетоле, Отуње, Једоарце, Ѓермо, Порој и Џепчиште, е издвоена средина кое има свои потреби, кои се сосема различни од оние на граѓаните на општина Тетово. Оние луѓе кои што во последно време ја посетиле општина Џепчиште, се изненадени од нејзиниот несомнено голем индустриски развој и нејзинот претопување во Тетово, би значело по мое мислење, една несразмерност и нецилисходност за оваа општина. Затоа за оваа општина доколку се инсистира на нејзино укинување, предлагаме како алтернативно, а посреќно решение да биде припоена кон општина Теарце, поради истоветните потреби на граѓаните, а имајќи предвид дека двете се рурални општини и по природна средина за живот на граѓаните на општина Џепчиште, општина Теарце. Бидејќи за ова општина важи она што претходно го реков за општина Шипковица дека жителите  на овој регион немаат ништо заедничко со проблематиката на градот.

За разлика од село Мала Речица, кое е приградска населба на градот, и веќе добива градски белези, селото Голема Речица е типична рурална средина и најприродно е ова село наместо кон градот Тетово, да се припои кон идната општина Боговиње или алтернативното, она што го рековме кон Камењане, каде граѓаните на ова село ќе можат многу повеќе да ги артикулираат и остварат своите потреби, отколку што тоа би можеле да го направат во општина Тетово. Би сакал да кажам и размислувањето на одделни средини, а тоа е.

Со територијалната поделба во 1996 година, направена е голема неправда со вклучувањето на село Горгурница во општина Брвеница, со амандман на тогашниот пратеник Абдураман Алити. Иако природно Гургурница не гравитира кон Брвеница, за што предлагаме да се погледне и картата на општинските граници, при што евидентно е дека природно и припаѓа на општина Желино. Со новата територијална поделба, предлагаме во општина Брвеница да се припојат и населените места Фалиш и Сараќино, кои досега припаѓаат на општина Тетово, а кои од нивните разговори и ова што го разговарам е пренесено и комуникациски и територијално многу повеќе на Брвеница, за разлика на пример од Гургурница.

Интересен е предлогот на граѓаните од општина Теарце и мислам дека и претходниот дискутант тоа и го пренесе, каде што се инсистира на една територијална поделба која била уште од 1966 година, а тоа е приближувањето или спојувањето помеѓу Јегуновце, Теарце и Вратница. Кон ова морам веднаш да кажам дека не се приклучуваат ниту жителите на општина Јегуновце, ниту жителите на општина Вратница, меѓутоа ова доаѓа од жителите на општина Теарце.

И се разбира на крај, би сакал уште да потенцирам една работа а тоа е размислувањето на општина Вратница и нејзините жители да истата биде центар наместо општина Јегуновце. Повторувам она што го кажав и на почетокот сите овие забелешки ќе бидат и писмено доставени до надлежното министерство и надлежниот министер. Се разбира, мислам и до сега се водеше сметка, многу сериозен пристап има кон ова прашање, меѓутоа, овие забелешки кои доаѓаат долу од теренот, мислам дека треба да се имаат предвид за да нели, во втората фаза излеземе со еден појасен текст по мое мислење, попречистен и се разбира она што значи живот за овие места.

За сега толку, благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Ејуп Рустеми.

Повелете, реплика.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Сакам да реплицирам малку со колегата Зоран Томиќ, затоа што сме од истото место, од Тетово.

Почитуван колега, незнам од кое начело тргнувате за една ваква поделба. Ние што барем добро го знаеме тоа место и сите села што ги споменавте вие, во споредба со другите што не ги знаат, значи села, гледаме дека вие сакате да ги соголите овие општини и да ги направите потполно чисти. Сакате да ги отргнете значи Шипковица и Џепчиште да ги отргнете. За Џепчишта кога говорите од економска страна јас потполно се согласувам, затао што е составена една општина со добар економски развој. Меѓутоа, кога велите независна општина, се согласувам потполно, меѓутоа, кога велите да се припои кон Теарце, дека припаѓа на Теарце, ме чуди затоа што вие добро знаете самите дека граѓаните наместо да поминуваат 4 километри да одат во центар на Тетово, треба да поминат 15 километри до Теарце и

да се вратат назад. Споменувате оделување на Речица од Тетово. Како не ви текнува кога говорите за Вратница и Јегуновце, каде има пат за да поминат граѓаните од Вратница до Јегуновце. Треба да поминат преку селото Нерашт, за да стигнат до Јегуновце. Зошто не предлагате да се припои Одри, Нерашт, заедно со Вратница и Јегуновце и да стане една мултиетничка општина, бидејќи вие многу добро ги знаете овие места.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Добро, одиме понатаму.

За збор е пријавен господин Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Мислам дека Владата наметна воопшто во оваа прва фаза на претресување на овој законски предлог проект една негативна атмосфера во јавноста, иако во повеќе наврати во овие неколку дена, токму претставниците на парламнтарното мнозинство се повикуваа на тоа дека сите добронамерни забелешки ќе бидат земени во понатамошната фаза, и тоа е малку контрадикторно, затоа што Владата остава впечаток дека апсллутно не е расположена ниту да размислува, ниту да разговара за предлози кои ги надминуваат рамките кои се зададени со парламентарното мнозинство, и мислам дека морално обврска на секоја влада е да се грижи, на секоја демократска ориентирана влада да се грижи за праведноста на законите кои ги предлага, во рамките на Уставот кој е темелник на уставно-правниот поредок во секоја земја.

За жал, не сум сигурен дека во овој случај можеме да забележиме такви работи, затоа што во неколку наврати се тврди дека во одредени региони во Република Македонија со тоа што ќе бидат ..

Мислам јас можам да зборувам само во присуство на пратениците од мојата пратеничка група, на оние кои не им е пријатно можат да излезат, затоа што навистина ме деконцентрираат. Излезете ако сакате, мене не ми пречи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, ве молам, мислам дека постојат нормални услови во салата, ве молам немојте. Можете да излезете на говорница ако сакате.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека Владата апсолутно не го почитува критериумот кој за претежно градски населби од типот на Кичево и Струга се тврди со тоа што ќе се припојат кон нив рурални општини, како што истакна еден пратеник во текот на вчерашната дебата, ќе ја поттикне урбанизацијата што ќе овозможи да се збогатува и квалитетот на живеењето на граѓаните во тие општини. За жал тоа не е така, инаку која би била намерата на Владата на Република Македонија три села во непосредната околина на градот Велес, кои до сега се наоѓаа во состав на општина Велес, сега да бидат отргнати од општина Велес и да се припојат кон друга општина, кои исто така ќе биде новоформирана, во себе ќе апсорбира уште две помали општини. Но, битно е дека критериумот за организација во овој случај, за жал, не постои во случајот на селата Горно и Долно Јаболчиште и на Сливник кој од Велес треба да преминат во рамките на новоформираната општина Чашка. За жал, за тие три села апсолутно не постои никаква друга причина зошто Владата се решила на ваков предлог, со едноставна причина новата, новоформирната општина Чашка да биде двојазична. Значи, некаква би рекол “ѓаволска” математика, простете на изразот, сепак стои зад овој предлог на Владата, затоа што апсолутно по никаков критериум не можеме да препознаеме, ниту градоначалниците во овие две општини кои подоцна ќе станат, со предлогот на Владата дел од новоформираната општина Чашка.

Неколкумина пратеници, пред се од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, зборуваа дека Владата сепак, како основен критериум ги има земено коалиционите договори меѓу СДСМ и ДУИ и поради тоа се внимава да се издигне степенот на општините, бројот на општините во Република Македонија каде што, или ќе биде застапено немакедонско население, во случајов припадници на албанската малцинска заедница во земјава, во доволна мера за да може да се воведува двојазичност и апсолутно е неприфатливо еден ваков обид Владата да се обидува да го направи во непосредна околина на градот Велес.

Истовремено, продолжувајќи во рамките на еден таков ригиден предлог, оваа Влада со овој предлог решава да го укине постоењето на уште две општини, кои се доста интересни и доста познати по дел од своите компаративни предности кои ги имаат во однос на соседните општини, кои понатаму ќе продолжат да егзистираат, тоа се општините Богомила и она што е уште поважно општината Градско, која сега веќе треба да биде во рамките на новоформираната општина

Росоман. Мислам, кои и од каде да потекнал овој предлог за укинување на општината Градско, можам јас само да му честитам од името на граѓаните во општина Градско на кусогледоста, затоа што и тие како и неколку други општини, впрочем се јавија до Собранието на Република Македонија со изборните резултати од референдумот спроведен на територијата на нивната општина, како што и впрочем во другите поминуваше референдумот, така и на територијата на општина Градско граѓаните се изјаснија дека се апсолутно против нивната општина да биде укината и да биде припоена кон новоформирана општина Росоман, каде што и општинскиот центар ќе биде Росоман.

Инаку, би сакал на му обрнам внимание на министерот за локална самоуправа дека во општина Градско постојат производствени капацитети каде што луѓето се вработени во општина Градско. Од свои средства тие успеаја да изградат Здравствен дом, Дом на културата и уште неколку други пропратни објекти кои за граѓаните од територијата на таа општина нормално значат многу во подобрување на инфраструктурата која ги опкружува, а да не спомнуван дека неколку села кои природно гравитираат кон Градско и кои никогаш во историјата наназад немае апсолутно никаква причина да гравитираат кон Росоман. Сега со ова ќе бидат принудени своите, во голем дел административни потреби да ги решаваат во многу подалечен општински центар, доколку остане овој предлог на начин како што е формулиран.

Во тие рамки би сакал исто да ја спомнам и општината Богомила, Злетово, Чешиново, исто во Изборната единица број 3, каде што во сите овие општини во изминатите периоди на нивно егизистирање се покажани задоволителни или доволни во најлош случај, или доволни причини, општините и понатаму да егзистираат, затоа што граѓаните чувствуваат дека на понепосреден начин можат да ги решаваат своите животни проблеми и на многу понепосреден начин можат да влијаат како администрацијата има намера да реши одредени животни проблем, или проблеми кои се врзани со инфраструктурниот или друг развој на општината.

Но, јас уште еднаш сакам да се навратам на обидот на Владата во центарот на Македонија, значи јужно и југозападно од општината Велес да формира нова општина, со сосема изменети административно општински граници, каде што на вештачки начин се обидува да се достигне бројката, која според законот е обврзувачка за воведување на двојазичност. Значи, од една страна, во неколкудневната дебата ги слушаме повторно истите аргументирања, дека се обидуваме да го подигнеме квалитетот на животот на граѓаните, со тоа што на

руралните подрачја ќе им овозможиме да имаат некакви шанси да почнат или да го забрзаат својот урбан развој. Додека само во овој случај, овој случај за мене е доста интересен, затоа што велам, никогаш во историјата, ниту на било каков друг начин освен со овој обид, не постоела мерка од било која влада на Република Македонија и во нашата правна традиција, без оглед како било уредувањето на земјава, не постоела двојазична општина во непосредна околина на Велес, ниту пак што не мора да значи ништо, ниту пак постоел доволен број на немакедонско население кое би можело да претендира или да тврди дека одредени права се загарантирани, или не се спроведуваат на начин како што тоа го прави таа општина со своите локални закони, со своите локални мерки, кои ги презема на територијата која е нејзина одговорност. Ако се погледне картата, таа нофоромирана општина по територија ќе биде поголема од општина Велес и таа новоформирана општина во која ќе бидат апсорбирани сега постоечките општини Богомила и Извор, на север ќе граничи со Велес, на исток граничи со Градско и во правец се север - северозапад граничи со Студеничани, на југ и на југозапад граничи со Долнени, кој исто така според предлогот на Министерството за локална самоуправа е предвидено да биде двојазична општина, а таа понатаму продолжува во правец на Пласница, Бродско и Самоков.

Значи апсолутно, во образложението на Владата не постои никаков аргумент зошто Владата само заради бројка која е потребна, решила три села во кои воглавном живее немакедонско население, во непосредна близина на Велес, да бидат исклучени од идната административна граница на општина Велес и да бидат припоени кон некаква нова, новоформирана општина, во која како што можете да забележите и на картата и кои ги посетувал тие краишта, ќе видите дека општинскиот центар ќе биде релативно далеку за сега веќе сеуште постоечката општина Богомила, општина која исто така постигна забележителни резултати во периодот откако постоеше. Незнам дали му е познато на министерот постои централно училиште, постои интернатско сместување на учениците кои посетуваат настава до основно одделение, токму во Богомила како општински центар, а живеат во селата непосредно, или посредно до Богомила, а кои се во рамките на општина Богомила.

И, уште еднаш ќе споман дека оваа општина, која на вештачки начин Владата се обидува да ја направи двојазична, граничи со Градско, кое исто така ќе ја изгуби својата самостојност и ќе биде припоена кон новоформирана општина Росоман, иако никогаш, ни културно, ниту пак сега, ни културно ни економски, на

било кој начин граѓаните од територијата на сегашна Градско своите права, своите обврски и било какви други потреби не ги врзувале за Росоман затоа што припаѓаа во поранешната територија на општина Велес. Нивните потреби се насочени токму градскиот центар во територијата на поранешна општина Велес, а тоа е самиот град.

Исто така, сакам да обрнам внимание дека во предложената новоформирана општина Чашка, која треба да биде двојазична, се прекрстуваат три планински венци, Јакупица, Караџица и Даутица. Незнам дали тоа нешто му кажува на министерот за локална самоуправа, но на жителите од населените места Богомила, Чашка и Извор, особено на Богомила и на припадниците на шумската полиција и на припадниците на Министерството за внатрешни работи, им кажува и тоа доста многу, затоа што ниту една од овие институции до сега не успеа да стави крај на незаконското сечење на шумите, без оглед дали се во државна или во приватна сопственост. Токму овие три плански масиви, нивната поставеност, овозможуваат таа пред се нелегана сеча на шумите и нелегалната трговија да биде продавана, транспортирана во повеќе градови во Република Македонија, но пред се во градовите и во општинските центри кои се наоѓаат северно од општина Чашка или во правец на запад и на југозапад.

И покрај тоа што во општина Богомила и во општина Чашка постојат полициски станици, сепак нивните напори не вродуваат со некаков плод, инаку да потсетам дека во поширока смисла на регионот станува збор за местото каде што своевремено бил сместен првиот претседател на Президиумот на АСНОМ Ченто, станува збор за поширокиот регион каде што е отпечатен првиот број на весникот “Нова Македонија” и воопшто, станува збор за една веќе сега заборавена одлука, своевремено донесена, дека станува збор за Национален парк во поширока околина на општина Чашка.

Предупредувањето што доаѓа од овие три населени места од граѓаните на општините Богомила, Чашка и Градско мислам дека треба да ги сфатиме нивните сугестии за одржливоста на понатамошно егзистирање на нивните општини, треба да ги сфатиме најдобронамерно и нивните предупредувања за евентуалните последици што ќе се случат во овие региони, исто така треба да ги сфатиме најсериозно и се надевам дека Министерството за локална самоуправа ќе најде доблест и во понатамошната фаза ќе најде начин овие работи да бидат исправени, затоа што станува збор за исклучително сериозна работа.

Ако погледнеме од друга страна и ако се потсетимен на периодот 2001 година, на одредени карти што кружеа тогаш и што дојдоа во посед на нашите разузнувачки служби, воени, полициски или цивилски, сеедно и само да потсетам, ако си спомнувате за одредено лице што беше приведено и уапсено, а потоа пуштено од органите на прогонот на Република Албанија, кое исто така спомнуваше одредени региони во Република Македонија, каде што во иднина треба да очекуваме да се случуваат работи што никој од нас овде не сака да се случуваат. И, ако некој овде мисли дека пратениците од ВМРО или било кој од опозицијата на овој начин сака да внесува вознемиреност меѓу граѓаните, апсолутно се лаже. Самиот овој предлог кога се појави во јавноста, картата на новата територијална организација на Република Македонија, самата организираност на евентуално новоформираната општина Чашка, внесе вознемиреност не само меѓу граѓаните кои живеат на територијата денеска на трите општини, туку на граѓаните во Велес, затоа што тие не би сакале Владата, заради некои свои договори што ги прави во рамките на својата коалиција, да се обиде на нечиј грб, засегајќи ги директно најсуштествените прашања што секого од нас го тангираат, нив пред се, секако, нив ги интересира сигурноста, безбедноста и просперитетот на нивните семејства и на околината во која што живеат.

И, истото предупредување, дека со голема сериозност секако треба да биде сфатен сериозно и преку пораката во вид на референдум испратена од жителите на општина Градско, кои мислам дека во изминативе денови, барем во локални рамки, мошне недвосмислено кажаа дека немаат намера да престанат да се спротивставуваат на овој предлог, дека размислуваат за поинакви мерки отколку што е референдумот, доколку Владата реши да го игнорира нивниот избор. А, нивниот избор таа општина да опстане. И не само оваа општина, впрочем и општините Чашка и Богомила да опстанат во границите во кои што се сега. Затоа што, ќе повторам по трет пат, не ми е јасно за каква урбанизација може да станува збор ако три села од непосредна околина на Велес на вештачки начин, иако тие работат во Велес, сите нивни потреби ги извршуваат во Велес, за каква урбанизација станува збор, ако сега ги отргнуваме административно од територијата на општина Велес, само со единствена цел да формираме во срцето на Македонија една новоформирана општина во далеку пошироки граници, отколку што е границата на самиот град Велес, што ќе биде и двојазична, затоа што токму тие три села им се потребни да се надмине оној ценсуз за постигнување на потребната квота за остварување на правото на двојазичност.

Мислам, можеби станува збор за превид, но чисто се сомневам, затоа што не може да стане збор за превид за едно територијално организирње на општина што опфаќа голема површина, што се наоѓа во исклучително значајно и стратешко место во земјата и дека во сите овие општини и во Богомила и во Чашка и во Градско беа спроведени референдуми. Таму луѓето излегоа масовно и го кажаа својот глас. Иако, можеби многу не е обрнувано внимание, но сепак Министерството за локална самоуправа треба да обрне внимание и на културното и на историското наследство што овие три општини го влечат со себе.

Пред неколку дена, се јави Советот на општина Градско заради погрешно изнесен навод во јавноста. Имено, Стоби се наоѓа во непосредна близина на општина Градско. Значи, тие не сакаат за Стоби да се врзува името на Велес, туку инсистираат, што е навистина точно, бидејќи Стоби е во непосредна близина на Градско и особено да се внимава на историско - културниот развој.

За перспективите не сакам да зборува на Богомила и Чашка, меѓутоа, зборувам за културно историското наследство, што е фокусирано и се наоѓа во селата и во општините што денеска се наоѓаат во рамките на овие две општини, на општините Чашка и Извор, затоа што во македонската историја, можеби и Министерството за локална самоуправа ќе пронајде и одредени специфики во развојот на една поширока околина што се нарекува Азот.

Значи, Министерството за локална самоуправа, доколку навистина сака да не убеди како пратеници во понатамошните фазин а подготовката и изготвување на овој законски проект, да ретерира, барем во смисла да се задржат границите на постојните општини, а тоа се Градско, Богомила и Чашка. Тоа значи да се вратат и овие три села, да бидат повторно во административната граница на Велес, а да не се обидува Владата на Република Македонија, заради некои свои договори, затоа што апсолутно не гледаме никаква друга причина зошто Владата се решила на одредување на административни општински граници, да формира една толку голема територија, општина, со единствена причина да излезе во пресрет, можеби, на одредени договори што се правени. Тоа навистина Владата да си го тргне од умот, затоа што тоа едноставно нема да се спроведе, нема да функционира во пракса и ќе предизвика дополнителни непријатности што подоцна ќе се чудиме во какво чудо се најдовме и како ќе ги решаваме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Трендафилов.

Има збор пратеникот Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодрам, г-дине претседателе, г-дине министер, почитувани колеги и колешки пратеници,

Дозволете накратко да се осврнам на само еден аспект од предлогот за донесување на Закон за територијална организација на локалната самоуправа и тоа, околу аспектот на укинувањето на некои рурални општини, меѓу кои и општина Конопиште.

Нема да кажувам историја и статистика, чувме доволно зборови и факти, меѓутоа, сакам да потенцирам еден момент кој овде во расправата еднострано и еднозначно се коментираше од страна на опозицијата.

Имено, укинувањето на некои рурални општини, не значи само по себе, запирање на процесот за ревитализација на истите. Организирањето на општини во овие рурални средини, искуството од нивното функционирање, позитивни и негативни, упатуваат на потреба од други форми, механизми и инструменти кој тој процес на ревитализација може да се поттикнува и може да се поддржува.

Во овој контекст беа изнесени многу аргументи, контра аргументи, факти, потреби, констатации и сето тоа еве, не сакам да изразам сомневање, се разбира дека е од непосреден интерес за граѓаните. Меѓутоа, има еден неспорен факт, а тоа е дека реверзибилноста на процесот тече многу бавно.

Ако се земе предвид фактот дека претпоставена цел на децентрализацијата, помеѓу другите цели се разбира, е и оптимализацијата на учеството на граѓаните во извршувањето на надлежностите од страна на општините и како сето тоа ќе биде ставено во функција, кога општината има за жал, само 350 жители. Ја наведувам бројката ни е дадена тука во предлогот. И со сосема конкретна и неповолна возрасна структура. И уште земете го предвид фактот ако дел од тие граѓани живеат постојано во градот и не се одвива ама баш никаква репродукција. Прва и основна хумана при сосема ниски вредности на останатите видови репродукции. И во ваков случај, за жал, навистина за жал, не можеме да зборуваме за рамнотежа помеѓу опфатот на надлежностите, кадрите и обемот на работа од една страна и од друга страна големината и економската и финансиската моќ на општината. На кој човечки ресурси и за кој раст на хуманата популација, може да се застапува опстанок на оваа општина, односно економски одржлива локална заедница и сосема е поинаков контекстот по кој би се расправало зошто тоа се случило.

Еве дозволете да изразам една лична нота. И јас со еден дел од моето семејство потекнувам од оваа општина. Меѓутоа, тоа не прави секако да го расипе мојот критериум се разбира. Дозволете да претендирам дека имам објективен критериум. Воопшто не се спорни потенцијалите на општината Конопиште. Недопрена природна, рудни богатства, контраверзниот рудник Алшар кој може да биде светска опсерваторија од прв ред. Понатаму останатите рудни богатства и исклучително богатите водни ресурси кои со количините и квалитеот заслужуват регионален третман и за што нашите јужни соседи се заинтересирани. Можностите за развој на туризмот, впрочем не така одамна некој тука сакаше да присвои дел од планината Кожув за такви намени, граничниот премин Пулевац да го спомнеме и земајќи ги предвид појдовните критериуми и принципи врз основа на тоа што се дадени предложените тектови на законите за кој расправаме и за дел од нив поминавме во расправата, а тековно расправаме по територијалната реорганизација. За жал, морам да кажам дека малите бизниси неколку условно покрупни реално не можат да покријат опстанок на локална самоуправа и администрација и нивно функционирање и тоа е реалноста. Меѓутоа, од друга страна не можам, а да не го актуелизирам еден друг момент и тоа еден тренд навистина бавен кој се одвива, се вклучува и тоа треба да се поддржи. Некои со децении station наназад напуштени села веќе стануваат викенд населби и во истите во текот на сезоната се одвива некое елементарно производство. На пример, здрава храна, мед, собирање на шумски плодови, мали бизниси, меѓутоа, сето тоа независно од постоењето на локална самоуправа и на микро план би можела да кажам дека тој е значаен процес, затоа што го генерираат целокупните општествени односи. И вистинска работа би била да се поддржат овие процеси на коегзистентен и програмиран начин, а потоа би било појасно да зборуваме за локална самоуправа. Еве во асоцијација со пакетот закони кој што ги расправаме понатаму и она што претходно спомнав за недопрената природа и богатството од планината Кожув и целокупната територија и тоа секое делче од сегашната територија на општината Конопиште, еве како еден можен пример ќе го наведам, тоа не е мој, туку е на граѓани организирани во соодветно здружение на граѓани, кои на оваа територија сакаат да организираат центар за перманентна еколошка едукација, која во нашата држава го нема, меѓутоа, не бара тој проект многу пари, ако општината има објекти кој би биле искористени. Има ендемски видови растителни и животински, за кој индивидуално и неорганизирано доаѓаат и се интересираат и странски научници и експерти. Истиот како проект би можел да се стави во некои едукативни

културолошки и туристички рамки, стопански итн. Ова се разбира, може да предизвика понатамошен финансиски физбег и тоа е она на кое треба да размислуваме како на локалното население да му помогнеме, тоа што е нивна идеа да го стават на хартија во вид на проект, да се организира обука да ги менанџираат тие исти, не многу комплицирани проекти, кои не даваат којзнае каква експертиза и со тоа да се спречат истекувањата на локалните ресурси, на локалните средства финансиски и онака оскудни.

Има се разбира и многу други сличности, а овој пример го кажав затоа што ми беше сугерирано да го спомнам од граѓаните и ваквите примери ги има во сите сектори и дејности. Испаѓа сите други неспомнати и тие можат реално да влијаат на вистинско заживување или поттикнување на реверзибилноста на процесот и тоа е еден од можните правци и мој став и мое мислење е дека на таков начин треба да работиме на поттикнување или поддршка на процесот на ревитализација на руралните средини и општини во државата.

Уште еднаш дозволете да го изразам својот став, врз основа на она што претходно го кажав дека укинувањето на некои од руралните општини не значи само по себе запирање на процесот на ревитализација. Напротив, други форми и инструменти и механизми за поттикнување и поддршка на ревитализацијата конпактибилни на сегашниот момент, на сегашните потреби. Затоа сметам дека условите и критериумите дадени во предлогот за донесување на законот се реални и објективни и предложениот текст е добра основа за натамошна доработка на овој законски проект.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал да спорам со колешката Ана Андова околу тврдењето дека општина Конопиште не треба да постои. Ги искажа и аргументите, повеќе аргументи кажа, а еден од тие е дека со укинувањето нема да се запре процесот на ревитализација на општината и нема да се намали развојот, односно да се запре развојот на општината која што е во сегашни рамки, т.е. има и други форми на развој на ревитализација на општината т.е. доколку се припои, според предлогот на големата општина Кавадарци, ќе има поголеми можности за развој.

Јас би сакал да ви сугерирам дека општината Конопиште и понапред беше во рамките на општината Кавадарци од 1965, може би и поназад, меѓутоа, за сите тие децении, во општина Конопиште се случија процеси кои што доведоа бројот на населението да се намали дури на 350 колку што е сега, иако пред тоа Кавадарци била по број на жители помала од општината Конопиште. Сакам да кажам дека истото тоа се покажа и на трибината на природно математичкиот факултет, каде што професорите по географија, кои што сега се експерти во РРепублика Македонија по оваа област, многу јасно кажаа дека со постојниот начин на организирање на Република Македонија во вака помали општини, сета онаа неправда која што се случи и во кое што поголемите градски центри, тотално, за последните децении го запоставија развојот на приградските или подалечните населени места од нивните општини се свртеа токму кон градовите и нивните центри, доведе до тоа Република Македонија да има огромна миграција и да имаме големи градови и напуштени села. Затоа сметаме дека општина Конопиште треба да остане се со цел да и се даде можност и природните ресурси како што напомна и колешката која што ги има многу за да може да се развиваат и кои што ќе придонесат општина Конопиште сама да се финансира.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Господине Трајановски, ви благодарам за репликата. Дозволете да кажам со бројките и со фактите не спорам, меѓутоа, ќе спорам со Вас, како што впрочем и вие се обидовте да спорите со мене. Еден наш колега во 60-тите, кои вие ги спомнавте беше претседател на општината Кавадарци, па може би повеќе и покомпетентно да каже за процесите кои што се случувале тогаш и како се случувале и да го признае својот дел од одговорноста, се разбира, за тие процеси. Јас со тоа немам ништо се разбира. Меѓутоа, јас се обидов конструктивно да разговарам на оваа тема, меѓутоа ќе ви кажам единствената земјоделска задруга, земјоделско стопанство кое имаше репроцентар за говеда, Ергела за кожа единствен во државата, хектари лозови насади, за време на владата на ВМРО-ДПМНЕ беше криминално продадена, а таа единствено работно го ангажираше домицилното население.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви измина времето благодарам.

Само да појаснам една работа споредбите уште во времето пред 50 години и сега. Ова во математиката се вика мешање на баби и жаби. Еден комунален систем во едно партиски систем, едноумие, споредуваме како примери за неразвиеност на општини.

Господине Коце Трјановски колку да кажеме вие сте направиле и помогнале на развој на селата пред секои избори. Граѓаните молат да има секоја година избори за да им се направи патот. Тоа истото ќе се случи и сега.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедурално вие требаше да предупредите, бидејќи репликата не беше на содржината на мојата реплика. Меѓутоа, на вас да ви кажам како реплика колку јас сум направил, јас и во претходниот мандат бев пратеник во ова Собрание и за среќа на мнозинскиот систем, бев пратеник во повеќе од две општини, каде се опфаќаат 33 населени места. И во тие 33 населени места, јас треба повеќе од 2 часа да говорам што се е направено. Благодарение на тоа што тие општини беа самостојни општини и имаа свои градоначалници, своја администрација, свои совети и со помош на нивната и државната власт и донации, тие успеаја тие села да ги ревитализираат во голем процент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Токму тоа и го зборувам, позитивниот ваш пример, исто тоа се случи и сега. Ако сака некој да биде избран во Кавадарци, ќе мора нешто да направи за Конопиште. И неспоредувајте комунален систем каде што се наметнуваа одозгора и без можности за поени, како пример како не се развивале селските општини.

Повелете г-дине Назми Беќири.

Имате збор.

НАЗМИ БЕЌИРИ:

Г-дине претседател, г-дине министер, госпоѓи и господа пратеници,

За територијалната организација на локалната самоуправа долго се работеше и освен критериумите за формирање на општините, за подготовката на овој Предлог закон, при подготовката се разгледа и сегашната територијална организација. Таа организација од времето на мунизмот, како и организацијата по втората светска војна. Оваа анализа се направи на повеќе рамништа, но и во однос на тоа колку била ефикасна организацијата на власта во тоа време. Во овие разновидни организирања, колку и што им дале или одземале од централната власт. Овој аналитички осврт што го правевме ние како политички субјекти, сигурно го правеле и други.

Со оглед на тоа дека не е Македонија ни од времето на изминатиот режим, ниту пак Македонија е од 90-тите години, туку е Македонија на новиот век, освен критериумите кои се почитуваа во текот на формирање на општините, сега при оваа нова организација, треба да се приспособи кон Рамковниот договор чиј столб е територијалната организација или централизација на власта, столб кој беше опфатен во договорот, не само како придобивка за локалната самоуправа, туку и како услов за државите кои тежнеат кон Европската интеграција. Освен ова што го спомнав ние ги анализиравме искуствата на неколку земји од ЕУ, како од аспект на критериумите исто така и организациониот и законодавниот аспект. При овој детален осврт на сето она што го спомнав, дојдовме до еден заклучок, кој се разбира не е идеален, меѓутоа, е најможниот за да се прифати од страна на граѓаните кои живеат тука.

Ние како ДУИ, како што спомнаа и другите колеги пред мене, бевме за тоа урбаните општини да се организираат како оние во 70-тите години од повеќе причини. Меѓу другото и тоа да не се поделат градовите поради администрацијата итн.

Меѓутоа, со оглед на тоа дека во овој состав не можеше да се вклопи Рамковниот договор, ние се согласивме да се создадат и рурални општини каде овој договор посоодветно ќе се аплицира. Каде, освен во другите области и во областа на употребата на јазиците е од егзистенционално значење за граѓаните кои живеат во тие области, било да се албанци или други.

Реков дека оваа организација не е идеална и нормално е да има несогласувања. Меѓутоа, тие разлики да не бидат поттикнати од ниски побуди или од анахрон менталитет, како што се вели подобро прв во село, него последен во град. Гледам и ги следам резултатите од референдумите што ни се сервираат и тука. Меѓутоа, причините за новата територијална организација ги знаете сите. Оваа работа треба да ја туркаме. Меѓутоа внимателно, со цел да не предизвикаме удар. Многу е лесно да бидеш во публика на стадионот и да викаш против некој играч кој не игра идеално. Меѓутоа, тоа е без да се проба или да се замисли како самиот би реагирал во една иста ситуација.

Ние треба да одиме напред. Треба да се оттргнеме од минатото. Меѓутоа, со најголемо внимание, со цел ова отцепување да не биде брутално за да не се нанесе штета на сите. Од многу аспекти и јас сум незадоволен и тоа за цела Македонија, меѓутоа ќе се задржам на Куманово, бидејќи доаѓам од таму. Кога го зедов предлогот од соодветното министерство, општина Липково беше таму. Јас не

верувам дека Липково во овој предлог дошло со некоја задна намера. Меѓутоа, доколку се направеше обид да се задржи бројот како услов, сега требаше евентуалните измени да произлезат од самите албанци, што е сосема природно. Јас сакав таа општина да биде припоена кон Куманово, од неколку причини. Еве неколку, за да ја одбранам мојата теза:

Како прво, да избегаш од градот и да се припоиш кон планините, тоа не ми се допаѓа. Како што вели поговорката - или до кралот или до морето.

А, како втора причина, со оглед на тоа што низ Куманово поминуваат две многу значајни европски артерии, а низ Липково не минува ниту една, затоа што има идеа во Куманово да се издигне еден регионален образовен центар од високо ниво каде би влегле Косово - Србија - Македонија.

Што се однесува до други аспекти, инфраструктурни, Липково нема ништо. Ниту едно село нема канализација, ни едно село нема водовод, нема ниту една спорстска сала, нема ниту еден базен, а да не спомнуваме фабрики.

Гледано од друг аспект, оваа општина, во неа 99% од населението се албанци. Сите знаат дека полесно се прават инвестиции во мешано население.

Сигурно дека имало и други варијанти поможни, па тука би спомнал една подобра варијанта од етнички аспект. На пример Љубодраг, Умин Дол и Ново Село, Речица, Табановце да се припојат кон општина Липково, со што би се изменила етничката структура. Меѓутоа, ова е неизводливо да се прави, затоа што овие граѓани не сакаат да се отцепат од градот. Не можеме да ги обвиниме. Не за прв пат гледам дека е точна поговорката - на многумина можеш да им земеш, меѓутоа секому не можеш да му дадеш. Се разбира, може да има и други можни варијанти. Меѓутоа, јас би ја поддржал оваа опција, овој предлог, затоа што со ова се согласиле тие кои ја претставуваат таа општина.

На почеток реков дека тоа не е најидеално решение, меѓутоа тука на овој начин е најможно да се изгради нешто без да се разруши нешто друго. Јас го поддржувам овој предлог затоа што е тоа предлог на мојата партија. Ова го правам за доброто на сите, за нашата иднина, затоа што и овој Предлог на закон претставува еден излез низ кој треба да минеме за да одиме кон запад.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние имаме уште 12 минути. Господине Фазли Велиу, дали ќе можете во овие 12 минути да го кажете својот говор?

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Можно е, ако нема реплики.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, во тој случај, но точно во 18,00 часот ќе ја прекинам седницата.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Почитуван претседател на Собрание, почитуван министер, почитувани колеги и колешки пратеници,

Секогаш имаме изразување, значи почитувани и респектирани, меѓутоа тоа не го правам. Јас ќе го направам ова, искрено ве поздравувам за придонесот што вие го давате во оваа ситуација кон реализирање на оваа точка која што е многу значајна и со перспектива. Јас ќе го поедноставам мојот говор од две причини. Едната причина е поради самиот проект на министерот со нашите ставови, значи на ДУИ, тие се усогласени ставови и ги поддржуваме, истовремено ги поддржува проектите на ДУИ. Што значи над 90% за овој процес за кој што ние говориме и истовремено да не ги повторувам зборовите на пратениците на ДУИ кои беа придонесувачки и истовремено и на некои пратеници од СДСМ кои што се во насока на реализирање на оваа цел.

Јас уште на почетокот сакам да нагласам дека децентрализацијата нема врска со распадот на државата, а истовремено и со распадот на општините и државите, туку е во однос на децентрализација на администрацијата, централната администрација и одлучување, поставување на локална самоуправа во општини кои што ќе бидат урбани и во рурални места. Меѓутоа, со истата цел, со истата систематизација која што е во смер на самоадминистрирање, самоуправување на државата, бранејќи ја државата од државните позиции. Ќе го нагласам и тоа зошто тоа се однесува на самиот град Скопје. И тогаш ќе се јавам повторно, ако ми се даде можност да ја претставам мојата точка таму каде што сум и избран како пратеник. Дозволете ми да нагласам, значи да поминеме од професионална страна и да го третираме ова прашање од политичка страна која што за жал и се прави од опозицијата која не можела да реализира како што се вели во времето на нивното владеење, ваква намера која што ја отпочнала уште тогаш. Не треба длабока анализа да се направи, за да се види колку е зголемена омразата меѓу заедниците, затоа што имаше конфликтен период како последица од дискриминација и на албанскиот народ од страна на власта. Значи, од страна на властите, а не од страна

на народите, од мнозинството македонци и албанските колаборационисти. Меѓутоа, само за 6 месеци една минути војна спореден со 100 години борба меѓу германците и французите и една длабока омраза, која што ги надминува и овие кои што дејствуваат и кои беа во војна 100 години. Каде се роди, колку траат и зошто траат омразите овде. Верувам дека основната причина е кај мнозинството, доминацијата на еден народ кон другиот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за законот за територијална организација на локалната самоуправа.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Овде се отвораат моменти кога се прават чекори кон покренување на нерешени прашања на албанскиот народ, како и во текот на нормалниот развој. Тогаш, кога ние се појавуваме како народ, тогаш кога ние се претставуваме како рамноправни и е за чудење како во овој период нас не ни се дава помош од другата страна, од другиот народ, од македонскиот народ, кој има долг да ни ја врати таа помош, која што ние во текот на периодите сме ја дале, туку се случува спротивното, ние, за жал, да бидеме злоупотребени и да бидеме лошо третирани. Ова се случува во моменти кога ние ги надминуваме кризите, кога ние сме насочени кон мирот, кога ние сме го ставиле тоа што беше како принудно средство за измена на Уставот и за да се дојде до нашата цел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве опоменувам да зборувате за територијална поделба. Ова ви е втора опомена.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Мил претседател, јас говорам многу малку во споредба со тоа што е говорено во текот на овие денови. Вие многу добро знаете дека се спомнати и имиња и презимиња, спомнати се и личности, кои не се овде и ние сме го истрпиле тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Оваа ваша, да кажеме констатација, да ја поврзете со територијалната поделба. Но, вие не зборувате за територијалната организација. Ако оваа ваша констатација произлегува од територијалната поделба, повелете, објаснете го тоа.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Ако се работи за времето јас ќе кажам накратко и јасно. Многу пати овде се дискутираше за Западна Македонија. Не се дискутираше за Источна Македонија. Имав впечаток дека 10 пратеници од Источна Македонија и самите пратеници не говорат за Источна Македонија и за изградба на локалната самоуправа таму, туку се интересираат и одат во Западна Македонија да говорат за неа. Еве, конкретен пример е дека тие не треба да се мешаат во нивните надлежности, иако се избрани пратеници. Затоа што, јас знам дека Македонија има повеќе економски проблеми и други, отколку Западна Македонија, која што има повеќе прашања од изградба на земјата и економија која што треба да се приспособи.

Понатаму, во Источна Македонија се оди само во една општина, во општина Долнени, која што е место на средба на албанците од албанските места и не се оди да се говори за границата меѓу Бугарија и Грција и колку тие таму имаат проблеми, затоа што јас ги знам тие проблеми што ги имаат тие.

Потоа, ќе нагласам нешто што самите термини Западна Македонија кои се спомнуваат овде, создаваат една поинаква атмосфера кај населението. Самите тие кои го употребуваат овој термин, ја приспособуваат атмосферата население да мисли за поделба, а не е така. Ќе спомнам три случаи кои што се многу значајни во Швајцарија. На пример Германска Швајцарија, Италијанска Швајцарија, Француска Швајцарија се спомнуваат во Швајцарија, меѓутоа, тие места не се ниту на Германија, ниту на Франција, ниту на Италија, туку се места на Швајцарија. Затоа, ние кога говориме за локална самоуправа, не треба да зборуваме за Тетово, ниту за Скопје, ниту за ова или она, туку треба да говориме за сите места кои што припаѓаат на Македонија и селата, населбите, дури и една куќа ако сакаме да имаме независност и правичност во нашето делување.

Друг пример, во Швајцарија и една рурална куќа и едно рурално село се припојува на државата со цел да нема неправда кон селаните. Друг конкретен пример во Валис се стигнува побрзо со хелихоптер, отколку во Цирих, со цел да се помогне тоа население, додека кај нас се случува обратното. Јас често пати се чудам како луѓето сакаат да изменат и природни процеси. Често пати говориме за Шара и за Полог, додека Шара и Полог припаѓаат на граѓаните на Македонија. Целиот исполнет амбар од Полог е за сите граѓани на Македонија и не говорам дека може да биде само за гостиварците или за тетовците. Албанското иселеништво било во служба на граѓаните на Македонија и на тој универзитет, кој често пати се спомнува дека е ваков или таков, така што ова е за доброто на државата. Сугестиите

кои ни доаѓаат од Запад се тие ние да ја развиеме државата, да ја унапредиме државата и да не заостануваме во место. Ние, со овие тежнеења заостануваме, со овие процеси заостануваме. Да не мислиме дека Европа и светот го имаат вниманието само кај нас, туку дозволете господине претседател да кажам, мислењето на опозицијата е секогаш критикувај и не делувај, секогаш спротивставувајсе. Спротивставувај ја Европа од ова Собрание и ракоплескај и на Европа кога доаѓаат претставниците од Европа. Еден од дискутантите, значајно е од опозицијата, вели да не ни се мешаат странците во нашите надлежности. Ако си газда во куќата нема да ти се меша никој, меѓутоа, ние сме дозволиле другите да ни се мешаат со Охридскиот договор и со другите процеси, за да ја изградиме заедно државата. А, тие во овие процеси финансирале многу и уште финансираат. Потоа, тие се овде за да ги унапредат овие процеси, а не за да ги забават. Друго е прашањето што ние не сакаме нив да ги слушаме во клучните моменти.

Да заклучам, бидејќи вака вие барате јас сакав да кажам дека народите колку и да се мали, како што е малиот македонски народ овде и малиот албански народ овде и другите делови од народите, можат да се унапредуваат само ако ги засукаат ракавите и заедно работат со сите. Можат да влезат во Европа ако на Европа и го вратат долгот кој што го имаа во текот на овој период, затоа што таа дала неоспорен придонес. Сите, да не мислат дека ќе има некој протекторат, затоа што протекторати има многу во светот и на крајот повторно овде протекторат треба да бидат народите кои што живеат тука, поделени или не поделени, ние овде сме газди на нашата држава, држава на македонците на албанците и на другите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Фазли Велиу.

Само да се дообјаснам, јас немам ништо против да се искажуваат политички ставови, па и некои кои што можеби немаат некоја директна врска со Законот за територијална организација. Но, политички ставови кои што произлегуваат од тој закон, секогаш сум дозволувал и тоа го имала и позицијата и опозицијата.

Јас вас ве прекинав, бидејќи вие почнавте со една политичка ваша, да кажеме, расправа, која што во ниеден момент не го споман законот. Ви благодарам што тоа го прифативте, бидејќи во последниот ваш дел, тоа беше корегирано.

Тука завршуваме со денешната расправа, бидејќи е веќе 18,00 часот.

Имам само една најава, искрено се надевам дека утре ние ќе завршиме со оваа точка и да почнеме со градот Скопје, бидејќи овдека имаме отприлика околу 7 дискутанти. Досега дискутираа над 60 пратеници, што значи дека и по демократскиот принцип мнозинството дискутираше. Апелирам утре да завршиме со оваа точка, за да почнеме со точката за градот Скопје, кој што закон е исто така многу битен.

Благодарам.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Седницата прекина со работа во 18,00 часот.